СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД II-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28 МАЈ 1993 ГОДИНА**


1. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 22

2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 27, 30

3. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 58

4. НАУМОВСКИ СИМОН – 41, 45

5. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 33

6. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 2

7. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 61, 65, 74

8. ТРПЕНОВСКИ ДУШАН - 48

9. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 9

10. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 13, 17

11. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 18


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од второто продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 мај 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Фаик Абди, Петар Трајановски и Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност .да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со општиот претрес.

Сакам само една напомена да изнесам, почесто овде, од говорницава, се "изнесуваа тврдења дека овој закон во Собранието е две години, се влече две години, со одолговлечува постапката, се задржува постапката итн. Работите стојат вака.

Прв пат законот како предлог за донесување е доставен на Собранието на 15 април 1992 година, усвоен е предлогот за донесување на 3 јуни 1992 година. Според. тоа поеле 45 дена што е сосема нормална постапка. Нацртот е добиен на 5 август 1992 година и не е гледан три месеци заради замена на Владата затоа што Владата кога дојде сакаше да ги погледне сите проекти. Оној момент кога добивме писмо дека може да се гледа Нацртот, Нацртот е веднаш гледан и на 5 ноември е усвоен. Задолжена е Владата да подготви текст на Предлог на закон за 30 дена. Доставен е предлогот на Владата после 5 месеци односно после 150

дена на 5 април и веднаш е закажана 61-та седница. По барање на Владата писмено вам ви е доставено еден месец е одложено. Според тоа, или е незнаење или се манипулации кога се тврди -дека Собранието го задржало донесувањето на Законот.

Збор има господин Флоровски, меѓутоа тој не е тука.

Сега има збор Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, денеска на дневен ред е законот за трансформација на општествениот капитал, Законот за приватизација на општествениот капитал. Овој закон мислам дека ќе биде историски закон што ќе се памти ако бидат одредбите на законот да ги погодат граѓаните на добро ќе биде добар, а може да биде и многу лошо. Бидејќи денеска се наоѓа Република Македонија во едни стеги во едни потешкотии економски,политички и други потешкотии како и производни кои ги има и токму во тоа време се донесува и овој закон.

Овој закон како што е даден Нацртот односно Предлогот сега исклучиво е за пазарна економија, исклучиво е за продажба на општествениот капитал. Меѓутоа, мислам дека таа варијанта е најдобра најцелосна но реков дека се наоѓаме во една прилично тешка положба кога сме блокирани, мислам блокиран е платниот промет, кога се средствата за производство застарени технолошки, средствата амортизираните капацитетите не работата преку 50% во моментот кога суровините и материјалите кои се набавуваат од поранешна Југославија, денеска е на некој начин спречено, кога се продаваат производите за познати купци во поранешна Југославија на некој начин е стопирано,така да прво нема материјали за производство,нема доволно обртни средства

второ, нема пласман на производството. Во ваква состојба дојдовме да имаме технолошки вишоци при ваква положба во стопанството и не го гледам јас решението на технолошкиот вишок како и на кој начин да се реши. Меѓутоа, мислам ако идеме како што е концептот на законот каков што е,Фондот на технолошкиот вишок ќе се зголеми. Какво ќе биде решението сеуште во неизвесност. Оттука, мислам дека треба да се даде одговор на повеќе прашања кои што се очекуваат со трансформацијата на општествениот капитал да се појават проблеми во стопанството. Мислам целите и задачите на трансформацијата на општествениот капитал е производството да се зголеми, а не да се намали значи да се одржи во оваа фаза односно да се зголеми. Само во тој случај ќе може да успееме.

Вака како што се нуди продажба на имотот со попуст од 10,20,30% мислам дека нема да можат работниците да го искористат овој попуст затоа што нема средства да учествуваат во продажбата на имотот. Во законот стои дека може секој работник кој има над 2 години работно искуство да купи од своето претпријатие до 15 илјади марки. Притоа има попуст 30% заради тоа што е вработен во организацијата,до 30%, еден посто годишно до 30% затоа што има работно искуство допринос во организацијата. 10% заради- тоа што ќе плати во готово попуст тоа е 70%.- Од 15 илјади марки 70% попуст намалување изнесува 10.500 марки, треба да плати 4.500 марки за да го 4.500 марки тој може да купи, кој нема тој е обесправен. Законот  не се однесува за сите работници, се однесува само за оној кој има. Мислам дека попустот ќе испадне дека е неправичен ако вака се настапи.

Понатаму, заради тоа што некој работник работеше во здравството кој што ги лекуваше работниците, здрави работници  здраво претпријатие, нема право на учество мислам работникот е обесправен

кој работи во здравството. Во образованието исто така работат 30-40 години во образованието и се наоѓа и денес да работат меѓутоа немаат право на попуст во организацијата заради тоа што неговата организација не се продава. Мислам дека и овој работник е обесправен кој давал кадри за стопанството, добри кадри во основното, средното и високото образование, добри стручњаци, добро стопанство, меѓутоа, кадрите во образованието професорите и другите кадри се обесправени. Што е разликата во едно претпријатие ако еден работник работи на работни задачи чистач и чистач во основното образование. И едниот и другиот работат иста работа. Едниот има право на попуст 70% од имотот, а другиот нема право на попуст. Мислам дека е обесправен и тука ми се чини дека ќе немаме уставна одредба за ваква поделба на работите едни да имаат, други да немаат. Мислам дека треба да учествуваат сите работници кои имаат работен стаж во привилегијата во попустот и купувањето на претпријатието и попустот да го користат сите вработени без разлика на кое место се наоѓале во изминатиот период.

Јас знам дека правичност нема, дека ќе има тешкотии, меѓутоа сепак да најдеме некое приближно решение со кое решение претпријатието ќе остане целина, тоа да не се продава по делови - заради тоа што технологијата нема да може да функционира онака како што е. Затоа е тоа така градено и затоа е тоа така обединувано да може да функционира. Да не образложувам технолошкиот процес како тоа би изгледало, каде може, каде не може. Меѓутоа, мислам дека треба да остане целина. Заради тоа, реков дека приватизацијата мора да оди, не смееме да ја напуштиме оваа сала додека прво не го донесеме ова решение, мислам Законот да го донесеме а потоа треба да одиме. Меѓутоа на кој начин и како. Би требало повеќе методи и варијанти да се предложат и самите работници да одлучуваат.

I/5.-

Можеби една од варијантите во една организација технолошки вишок за 8 години да нема, еве ви го имотот продајте го, распределете како знаете. Решете, меѓутоа технолошки вишок да нема. Мислам дека сме го решиле проблемот во овие организации.

Во други организации кои што не можат да го решат мислам дека треба да се изземат до приватизацијата,како што е железара и некои други објекти кои што се клучни за македонското стопанство да се изземат од приватизација, подоцна да се приватизираат. За овие претпријатија кои што не можат да им се овозможи 70% од имотот да се подели на сите вработени, а 30% да се продаде . Тој што ќе се подели да се подели на акции рамноправно на сите вработени, мислам како што кажав и во образованието и во здравството и во Собранието и во комитети кои работеле, да се подели подеднакво. Остатокот 30% да се продаде и да влезе во Фондот на Агенцијата што ќе се формира. Сигурно од тие средства 30% убеден сум во тоа дека ќе може да се продаде од 5 до 8%, па нека биде и 10%, остатокот 20% ќе остане непродаден. Какво решение сега, одиме на приватизација. Да се даде на субјектот, на организацијата во вид на кредит за 5 или зависи може и повеќе години да им се даде на кредит со банкарски гаранции и други гаранции- или пак на работниците да им се даде, пак со гаранции да се врати на Агенцијата за потребите - на Агенцијата и за другото стопанство,-

Се поставува прашање од каде пари на. државата да врати односно да ги врати девизните штедни влогови, како и заемот кој што го има во странство. Мислам; да/не повторувам, тоа што се направи една програма од продавање на становите, од продажбата на деловниот простор и да се воведе данок 1% на вкупниот приход што се остварува без разлика дали е приватно претпријатие или општество мислам од денеска законот да важи за сите да мора да се плаќа за подмирување на овие трошоци.

I/6.-

Со штедните влогови мислам дека со давањето на гаранцијата мислам дека проблемот се намалува, не е таков изострен каков што беше и ми се чини кога ќе почне дел да се исплатува на штедните влогови сигурно граѓаните немаат потреба од средствата и нема да ги повлекуваат средствата, туку ќе почнат да штедат и понатаму и штедните влогови ќе се зголемуваат. Така да мислам процесот ќе биде заокружен заради тоа што и помалку трошоци ќе бидат потребни за процена на имотот. Иако е проценет не е битно дали е 110 или 90% ако е цената 100 да речеме не е толку битно колку ќе изнесува повеќе или помалку, не е толку одлучно заради тоа што на овој начин се трансформира општествениот капитал туку одлучно е дали работниците ќе останат на работа или нема да останат. Некој вели дека во пазарното стопанство треба секој да се снајдува. Меѓутоа, овој преоден период од договорната економија на тотално пазарна економија сигурно при вакви услови на стопанисување постојат и ќе постојат проблеми и тешкотии и мора и државата можеби не ќе да биде иземена од вакви проблеми заради тоа што донесува закон а кој закон можеби тој да не може да се спроведе сигурно ќе биде одговорноста и на пратениците и на Собранието во целина и на Владата и на другите. Мислам да се намалат сите тие потешкотии кои што ќе најдат дека решение мора да биде приватизацијата, меѓутоа да се преброиме, да видиме колку пари има во Македонија што може да се откупи, колку може инострани капит да се купи нашиот имот односно остатокот, да се приватизира и тоа предлагам да се направи список кои ќе одат на една дата од утре е приватизирано ако се прифати вакviот начин, да ен остане комбиниран еден дел приватизиран, а другиот не е приватизиран што се сомневам дека од неприватизираниот, од општествениот капитал да се прелее во другото претпријатие приватно или друго претпријатие што е откупено така да ова ќе биде осиромашено.

Меѓутоа, сакам да го кажам и тоа дека досегашното чекаше мислам дека со тоа се намалува општествениот капитал односно не функционира односно производството се намалува. За тоа мораме да водиме сметка и мора да се преземат сите расположливи средства за приватизација и да се најде правиот сопственик.

За проценатa на имотот, тоа е една прилично потешка материја за која методологијата не е готова, не е изготвена како треба, но јас мислам тоа е мое мислење, не мора да се прифати, дека треба да се даде на субјектот, на претпријатието да изврши самото процена на имотот спрема коефициентите, спрема методологијата, а потоа да се изврши од Агенцијата од СОК, и други стручни служби и организации ,контрола, ревизија на проценките и тука мислам дека казните треба да бидат многу поголеми секоја организација да се труди најправично. да изврши проценка. На тој начин побрзо ќе дојдеме до проценка, а ако оставиме само на организацијата на агенцијата што ќе биде формирана и на други стручни лица мислам дека ќе се забави процесот, ќе се забави проценатa, нема да дојде на време и ќе дојде проценатa кога капиталот уште повеќе ќе се намали и заради тоа мислам дека треба да се убрза проценатa и мислам дека најправично по овој редослед ќе биде направена.

Што се однесува до надзор, надзорен одбор мислам дека нема да има потреба, а мислам дека Владата, министерствата со законот треба да бидат повеќе .овластени да ја вршат таа контрола до целосната приватизација на стопанството и мислам дека министерствата и Владата ќе можат да го дадат својот допринос за поправи трансформирање на општествениот капитал

Јас имам многу повеќе меѓутоа сакам да кажам дека има доста амандмани и мислам дека оние кои што водат на подобрување на текстот на законот кои го скратуваат рокот на приватизацијата кои што овозможуваат стопанството побрзо да се развива и да работи мислам

дека би требало да се прифатат. Мислам дека целта е стопанството да работи во полн капацитет иако е амортизирано, а потоа целта е да се обнови овој капацитет да можеме со производи да влеземе во Европа рамноправни и по квалитет и по квантитет. Само така ќе можеме да успееме и да постигнеме она што го бараат граѓаните. Нема фамилија , нема човек кој не е заинтересиран за приватизацијата затоа треба добро да обмислиме како и на кој начин ќе се приватизира дали ќе биде тоа во интерес на работниците, на граѓаните, или нема да биде. Сигурно дека имотот е створен од добивката на претпријатиeто, дека работниците имаат право на таа добивка, меѓутоа и граѓаните имаат право на добивката. Меѓутоа, во крајна линија би требало да се подели на граѓаните имотот , второ комбинирано да се подели 50% на граѓаните 50% на вработените. Ако и тоа не одговара тогашна вработените, реков што подразбираме под вработени.

Мислам дека приватизацијата ќе биде брза и ќе се успее како и ќе се направи тоа што се очекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Сејфедин Харуви има збор, меѓутоа, тој не е тука.

II/1/ПЈ/лј

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, трансформацијата на општествениот капитал што ја имаме на дневен ред како предлог закон, за мене е поим на премин односно на преобразување од една состојба во друга. Познато е дека високата струја може да се трансформира во лиска меѓутоа струјата останува струја со одредена загуба поради трошокот на трансформацијата. Што значи дека и трансформацијата има загуби пак поради трошоците при трансформацијата односно преминот од една состојба во друга, или поконкретно ако некој сака и може да стане сопственик на општествената сопственост, како сопственост на колективитетот работничка класа,која се покажа лош сопственик низ идеологизираниот модел на самоуправување и одумирање на државата, тогаш:треба да плати нејзината вредност плус трошоците за нејзина преобразба од општествена во приватна и тоа по принципот вредност за вредност, на нашински со ал пари. Бидејќи се определивме како политички партии низ програми за трансформација на општеството во граѓанско, цивилно, значи императивна е потребата од донесување на закон за трансформација на општествениот капитал со додавката во приватна сопственост, бидејќи граѓанското општество е општество во кое владеат два облици на сопственост, државна и приватна. Без тоа илузорно е да зборуваме дека градиме граѓанско општество. Секако при трансформацијата на општествениот капитал во приватен неопходно е тотален биланс на општествениот капитал, а тоа би значело реална процена на неговата вредност, што е сложен материјално - финансиски и правен процес. Формален, времен титулар и на таа вредност би била државата, како што беше пред сопственоста да стане општествена или пак нејзин овластен орган,Владата, или пак како што се предлага со актуелниот закон стручна агенција.

II/2.-

Како формален и временен титулар. Условите и модалитетите за преобразба на општествениот капитал низ продажба на истиот во предлог законот за мене се прифатливи, но низ амандманите на припадниците на политичките партии со политички суверенитет во парламентот, присутна е и по либерална опција, веројатно, за да би ги задоволиле изворните носители на нивниот суверенитет, граѓаните. Позитивните ефекти од продажбата на општествениот капитал согласно одредбите на законот ја јакнат во суштина материјалната основа на државата, Републиката, и таа истите ги насочува во решавање, пред се, на развојните цели, ја смалува невработеноста и истовремено во социјални цели за да створи социјален амбиент за мирна и бесконфликтна трансформација на преку моделот продажба.

Кога сме тука, кај развојните и социјалните цели на Владата мислам дека Република Македонија за да би безболно поминала низ предложениот проект на реппривативзација потребно е и уште нова финансиска свежа потпора. Ова Владата мора да го има предвид, затоа што работата е или, или. Евентуалните негативни ефекти од овој модел на реприватизација. Републиката ќе мора да ги билансира преку даночната, царинската, кредитно - монетарната стратегија, или пак со кредити од домашни и странски извори со фактичка интабулација.

Го подржувам предложениот модел поради сознанието во светот дека приватниот капитал пробудува претприемачки импулс, менаџмент, флексибилност; рационалност и тежи кон профит. Се, движи по логиката на економијата ослободен е од политичка диктатура, а очекува да со тоа во Република Македонија се створат бројни, мали и средни претпријатија. Тие во суштина и го проектираат развојот на една земја и целата работна сила во развиениот свет е сместена во таквите модели на претпријатијата ккао што постои и во предлог законот.

Ова мораме да го правиме умно, за што времето и окружувањето ќе ни наметнуваат строги критериуми и правила на живот за сите. Ценам дека малите и средни приватни претпријатија на Македонија во оваа состојба и се многу потребни, за што ќе тежат кон профитабилност и така ќе ги полнат резервоарите на државната каса преку инструментали умот на флексибилна даночна политика. Паралелно со ова потребно е да се пробудува и интересот, и се пробудува, за нови интелектуални пратејќи услуги на трансформацијата на општествената сопственост, а таа состојба веќе се регистрира и сега. Имено, се раѓаат нови консалтинг дејности и тоа правни, финансиски, информациски, маркетинг што ја апсорбира интелектуалната снага, а тој процес и тој правец може да продолжи само ако се спроведе во живот моделот на реприватизација.

Прашањето на континуитетот на продажбата на општествената сопственост се решава ако моделот што функционираше по бившиот федерален проект на реприватизација се вклопи во овој .проект, а тоа не е неможно. Ова од аспект на преведност, а мислам дека и Предлог законот има таква определба. Со овој модел на предлог законот не се елиминира од учество во капиталот работниците како едни од творците на општествената сопственост, се разбира, помогнати од банките од девизните штедачи и од другите доверители. Тие се ставаат, меѓутоа, работниците се ставаат во модел што ќе ги пробуди нивните импулси за профит и рационално работење. При трансформацијата, продажбата мора да се почитува ноторната вистина дека општествената сопственост е вредност и сопственик се станува со плаќање на вредност. Акциите односно акциskиот капитал има познат сопственик, тоа е во суштина само промена на сопственоста низ продажба односно сопственост се менува само со купување на акции. Ова мислам дека е важно да се знае од аспект што акцискиот капитал не претставува кредитен односно не е

побарување, туку претставува траен влог кој не се враќа, се додека претпријатието функционира, односно додека не падне под стечај.

На крајот, врз основа на компаративните анализи се определувам за доминирање на приватната сопственост во однос на државната сопственост од член 3, што е нормално присутно во цивилизираниот свет. А зошто? Затоа што државата како сопственик во суштина не е економски субјект, туку е политичка организација. Државата има политички и социјални цели и задачи. Државата раковиоди со јавниот сектор, со кадри слабо стимулирани, иако кадрите се главна полуга на развојот. Државата кога ќе ослабне финансиски продукцира технолошки вишок и даноци. Ако доминира државната сопственост, ќе се создаде конфликт со приватниот сектор. На прашањето од даночната политика и познато е во светот дека тука и на тоа прашање паѓале Влади. Оттука, се определувам за доминација на приватната сопственост во однос на државата.

И уште една дилема, пред амандманите, во член 3 здравствената дејност е сместена во јавниот сектор со членот 200 од Законот за здравство. Се вика јавна здравствена организација и мислам дека можно е со промена на законот за здравство како лек - специјалист може да се најде и простор за реппривативација на одредени делови во здравството. Имено, се поставува прашањето дали може постојната мрежа на здравствените институции на влезе во проектот на реприватизација. Мислам дека во сегашнава фаза можно е да се дефиниа модел . на реприватизација преку лек специјалист законот за здравство што би ги зафатил медицинските центри и здравствените домови во правец на развивање на нивната глобална структура. Меѓутоа базичниот закон мора да даде правен простор за ефектуирање на таков модел. Би се формирале ординации како облик на мешовито претприемништво меѓу здравственото осигурување, задолжителното и вработените во здравствените институции. Бидејќи материјалната основа на

работниците во јавните ординации е слаба фондот чиј влог е де- ловен простор и опремата примерно би учествувал со 70% со своите средства, а вработените чиј влог е трудот и знаењето со 30%. Или ова 30% на ист начин како што се третираат работниците во претпријатијата. Притоа, Фондот би ги утврдил условите за работа и бројот на докторите односно специјалистите и нивните соработници во овие ординации. Вработените во ординациите би се однесувале како делнича и со своите услуги во определен рок би ги откупиле или пак државата би ги ослободила и ординациите би станале нивна сопственост. Притоа меѓусебните односи на учесниците во мешовитото претприемништво во здравството би биле пазарни. Со такво ремоделирање на постојниот здравствен модел не би имало финансиски проблеми за стручниот услужливот и љубезен здравствен. Работник и неговите соработници, а граѓанинот мал! би чекал по докторските ординации. На тој начин се ќе тече нормално, граѓаните слободно ќе избираат лекар а докторите и нивните соработници творечки ќе се вклопат во заштитата за здравјето на граѓаните. Постепено на тој начин ќе бледее илузијата дека во здравството не може да функционира пазарен механизам и мислењата дека здравјето е не- пазарна и посочувачка категорија, а во суштина пазарот и здравјето се неделив поим.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, добро е што господинот Ивнаов тврди дека грабежот е садомазохистичка измислетинка на фрустрирани луѓе но дали е тоа така, е знак на прашање. Но, во врска со предлог законот за трансформација на општествената сопственост би сакал да дадам свое видување кое мислам дека ќе биде аргументирано. Пред се сакам да ги

предочам причините за донесување на овој закон во моментот на енормна инфлација, социјално економска и политичка криза, немање можност за егзистенција на огромен број на граѓани^неминовно го наметнува донесувањето на законот за трансформација на општествената сопственост. Не би скала многу да елаборирам како функционираше општествената сопственост, нoја беше сечија и ничија, но колку за потсет дека беа изградени огромен број институции за заштита и управување на истата. Судства, за заштита на општествената сопственост, создаден беше образование систем, заштита на општествената сопственост, па дури и децата во градинките господа, ги учевте на самоуправување. Под заштита и закрила на горенаведените институции се изврши распад на општествената сопственост. Бирократизам и новокомпонирана црвена., буржоазија и директори на значајни од центрарниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија чиј континуитет денес го наследува социјалдемократскиот сојуз на Македонија со истата пракса, поставувајќи директори каде што сакаат по испробаниот рецепт на работничко незадоволство. Значи, господа се создаде клас на привилегирани, поделба на богати и сиромаси. Економски колапс на работникот и богатење на црвената комунистичка олигархија. Слична  на јужно американската воена полициска олигархија со уште по перфидни методи на работа и она најспецифичното, олигархија на комунистички директори. Горенаведените аргументи се главна причина за економско социјалната и политичката криза во Македонија, која е се поевидентни.

Уште со формирањето на ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија се определи за приватизација на општествениот капитал како единствен излез од длабоката економска криза во која се наоѓа македонската држава. Незнам господата од коалицијата поточно левите партии од истата колку се залагаат за приватизација, но мислам дека кај нив

преовладуваше доминацијата на општествената сопственост. Зошто е тоа така? многу лесно може да се одговори, затоа што целиот општествен капитал беше и сеуште е во нивни раце. Тој сега со законот за трансформација треба да помине во приватна сопственост. Т.е. бивши комунистички директори станаа газди на приватни претпријатија. Како аргумент нека се пребројат пратениците од левите партии колку само директори имаат во своите редови. а за пошироко, господо, не сакам да дискутирам. Следствено одговорноста за сегашната катастрофална состојба за економијата и социјалата ја имаат токму комунистичките директори кои во името на владеење на работникот извршија невиден грабеж. Се случуваат чудни трансформации од претпријатија во општествена сопственост во акционерски друштва. Фактички, тоа не беа трансформации, туку јавен грабеж, чиј краен епилог завршуваше во цеповите на владеачката номенклатура.

Не би сакал повеќе да одолговлечувам, туку ќе се осврнам конкретно на законот, поточно на забелешките, кои ги имам во врска со истиот.

Член 3, точка Д. цитирам: претпријатие кое согласно законот има монополска положба, освен деловите односно друштвата кои тие ги основале, а за кои ќе се утврди дека немаат монополска положба", Се прашувам господа пратеници, кои се тие претпријатија и зошто да имаат монополска положба ако работи за макпетрол тој е веќе трансформиран во акционерско друштво. На кој начин треба да се види. Најверојатно, се работи за ПТТ. Ако е така зошто во скоро сите земји со пазарна економија државните пошти се приватизираат, а кај нас не.

Член 25, став 1: Право на купување под овластени услови имаат работници што во претпријатието односно во сложена форма на организирање, кои се трансформираат работеле најмалку две години

пред донесувањето на одлуката за трансформација. А што со невработените? Излезе дека директорите заедно со раководниот тим имаат најголеми права или ќе имаат најголеми права. Со тоа само ги лажете работниците, господа. Дека имаат некои привилегии, тие се за директ- орите. Не треба да се залажуваме воопшто. Работниците немаат пари за преживување, а да не зборуваме за достоинствен живот, а уште да купуваат и акции. Тоа е чиста демагогија и манипулација.

Член 33, цитирам: "Во постапка за трансформација се обезбедуваат барањата на поранешните сопственици и нивните правни наследници кои се државјани на Република Македонија со место на живеење в Република Македонија". Зошто државјаните на Република Македонија само со место на живеење во Републиката? Зошто не на сите сопственици без оглед на 1се. Сметам дека правата на бившите сопственици се свети. Затоа што како ќе правиме , така ќе чекаме и од другите.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Член 58 став 3: "Откупот на претпријатието се смета за успешно ако бидат купени најмалку акции во износ од 51% од проценетата вредност на општествениот капитал".

Со оглед на фактот дека проценката никогаш нема да биде реална, т.е. ќе се фризира според потребите на владеачката номенклатура, господа јас сметам дека не треба да се прави вечна дружба со агенцијата и со сопствениците во случај ако не се продаде.

Член 62 став 1:"Лицата кои го преземаат управувањето се должни да откупат најмалку 20% од вредноста на претпријатието". Мислам дека треба да стои 51% затоа што секоја калкулација со по- мал износ од наведениот-51% е најобичен поклон. Ова е во контекст на членот 58.

Член 76 став 1: Барањата за дава&е на дел од средствата на претпријатијата под закуп. Претпријатието истовремено го доставува до агенцијата .и надлежното министерство". Кое е тоа надлежно министерство, се поставува прашањето. Дали е тоа Министерството за стопанство. Ако е така се прашувам дали тоа Министерство е спремно за ваков зафат и кадровски и стручно. Поради тоа севкупната приватизација треба да се одвива централизирано преку една институција, агенцијата. Во спротивно ќе се доведеме во ситуација да има префрлање на одговорноста од едни на други и мешање на компетенциите.

Член 88 според мене треба да се дополни затоа што агенцијата треба да одговара за својата работа само пред Собранието на Република Македонија, затоа што постои реална опасност агенцијата како најсилна економска институција да се претвори во оружје на Владата, односно на една група луѓе кои ќе претставуваат финансиска олигархија.

Член 89 став 2: "Членовите на Управниот одбор на агенцијата и директорот на агенцијата ги именува Владата на Република Македонија од редот на компетентни стручњаци". Исто така мој став е дека членовите на Управниот одбор на агенцијата и директорите ги предлага Владата на Република Македонија од редот на компетент- ни стручњаци, а нивното назначување да го одобрува или верификува Парламентот на Република Македонија со 2/3 мнозинство, затоа што постои опасност владеачката партија односно коалицијата да ја спроведува приватизацијата по сопствени желби и врз сопствени потреби. Со тоа ќе се легализира грабежот на општествениот капитал и вредностите ќе се пренесат во приватни џебови, како што беше и досега пракса, на одбрани луѓе, односно елита, и елитата господо, на сите нас ни е позната, а граѓаните ќе си останат со вода во очите. Ќе добиеме нови капиталисти кои всушност ќе бидат старите и проверени комунистички кадри кои меѓу себе се познаваат од разните партиски школи.

Член 91 став 3 кој гласи: На статутот на агенцијата согласност дава Владата на Република Македонија". Исто по мое мислење статутот го подобрува Собранието на Република Македонија со 2/3 мнозинство.

Ова се господа мал дел од моите забелешки кои мислам дека ќе држат и дека се оправдани. Само со вакви измени на законот, барем за мене, ќе има поддршка.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани претставници, донесувањето на законот за трансформација на општествениот капитал секако дека ќе предизвика големи промени во процесот на идниот

стопански развој во Републиката и не само во однос на стопанскиот развој туку и врз развојот на целокупниот општествено – политички живот» во сферата на општествените дејности и на бројните други дејности што со овој закон не се зафатени, а индиректно ќе имаат свој одраз, но дали тој одраз ќе биде позитивен или пак негативен во многу зависи од тоа дали со приватизацијата на општествениот капитал ќе се овозможи да се дојде до масовно редуцирање или затварање на претпријатијата, губењето на постојните пазари со и онака лимитираното стопанисување поради затворањето на северната и јужната граница, а со самото тоа и создавање на уште поголем број безработица, социјални тензии итн.

Она што нашите граѓани навистина ги загрижува е прашањето дали со овој закон навистина се враќаме на капиталистичките односи од почетокот на овој век и дали со тоа нема да овозможиме да отпочне еден нов процес на експлоатација, грабеж, потполна несигурност пред се на работниците или поконкретно речено, како што тоа и - повеќе пати е спомнато дали нема да значи влегување во период на "општа мизерија и сиромаштија, создавање на услови на огромна армија на невработени и социјално загрозени итн., малтретирање на работниците или со еден збор враќање назад.

Покрај донесувањето на Уставот и бројните системски закони со кои се заокружува нашата самобитност како држава, овој закон за приватизација на општествениот капитал секако, според 7 предлагачот Владата на Република Македонија е еден од најзначајните законски документи со кој, откако ќе се постигнат развојните цели, ќе се овозможи да се создадат услови за тоа сите граѓани на млада и кревка држава да живеат подобро и побогато од сега.

Но, дали тоа и така ќе се постигне е прашање за кое ќе биде потребно многу повнимателно да се обмисли и притоа да се искористат сите позитивни искуства за тоа дали и на кој начин, со какво темпо и во кој домен ќе се одвива текот на приватизацијата.

Ако се имаат предвид досегашните искуства кај нас кои, иако почетни, преку откупувањето на таканаречените интерни акции, тогаш со право може да се констатира дека овој процес нема да биде безволен и дека ќе се судриме со бројни и негативни појави. Со оглед на тоа што на сите нас на одреден начин не ни е јасно на кој начин поединци стопанственици се стекнаа со интерните акции, користејќи ги поранешните законски празнини, недоволната општествена контрола за тоа каде се средствата за откуп на интерните акции, односно дел од општествениот капитал и слично. Во оваа прилика би сакал да укажам на тоа со овој закон да се настојува оневозможување на вакви појави, па дури и преиспитување на досегашната приватизација, бидејќи сакале ние или не да веруваме, општо е■мислењето дека некој на нечесен начин сепак успеал да дојде до одреден општествен капитал а што секако нашиот граѓанин особено работникот тоа најмногу го иритира и со право. Ова дотолку повеќе што изворите на средствата за купување на приватниот капитал барем од досегашното искуство од приватизација,- навигстина повеќе од сигурно е сомнителен.

Мислењето за тоа да не се овозможува со закон да се изврши нелегален грабеж на општествениот капитал, од досегашното искуство на приватизацијата како да има свои поткрепи;во бројните амандмани и едновременото напоредно донесување на законската регулатива. Што во уводното излагање на претставникот на Владата господинот Миљовски го изнесе, треба да бидат гаранција за тоа дека вакви појави нема да се случат.

III/5.-

За тоа каква ни е економската положба, бројот на невработените, слабата продуктивност,ниските лични доходи, неакумулативното стопанство, 50 до 70%, застарената технологија која за разлика од другите земји е скоро на секој 3 до 5 години променлива, е случај во сите мали места како и во моето па сметам дека нема потреба а да не се зборува колку е тоа загрижувачки факт. Со цел да се избегнат продлабочувањата на тешката економска положба останува обврската од овој закон за трансформација на општествениот капитал, навистина да се постигне повисок развоен степен со што ќе се овозможи не само побрз стопански развој туку и поголема вработеност, поголеми лични походи, намалување,на социјалните тензии. Со еден збор речено побогат стандард.

Обезбедувањето на поголемата општествена контрола при откупот на акциите, утврдувањето на статусот на приватизацијата, а со тоа и обезбедувањето на законска регулатива за заштита на правата на работниците, исто така, треба да биде составен дел на овој закон, како и социјалните програми како пратенички. Освен тоа ќе биде потребно со закон да се утврди и начинот на плаќањето на општествените давачки, посебно на даноците и придонесите, а со цел нивното избегнување да нема негативни одрази врз развојот на општествените дејности. Ова особено е карактеристично за поголем дел на приватните. фирми и претпријатија кои веќе функционираат во ефектот на нивното работење а што не се чувствува бидејќи над 99% од општествениот приход е од општествениот сектор. Истото е случај и со вработувањето, бидејќи еден добар дел од формално вработените во општествениот сектор не ги подмируваат најосновните давачки и сите давачки се скоро на минимален личен доход. Тоа ја наметнува потребата од поостри законски санкции кои досега по се изгледа како да отсуствуваат .

Недоволната информираност, особено на работниците кои би биле предностите со трансформацијата на општествениот капитал и за тоа дека со истиот ќе се настојува нивниот статус да не биде загрозен туку напротив подобрен, останува во наредниот период да се оствари и со поголема ангажираност на јавните гласила и другите форми за информирање.

На крајот, поддржувајќи го донесувањето на законот за трансформација на општествениот капитал би укажал на потребата од што побрзо негово донесување, поефикасна и безболна примена, а се со цел за подобрување на животниот стандард на граѓаните кои тоа и го очекуваат од нас.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

За мене носењето на ваков закон претставува еден голем чекор напред затоа што навистина е закон од круцијално значење, ако сакаме да одбегнеме од она што досега беше договорна политика а да одиме на пазарни принципи. Мислам дека овој закон е тој што може да понуди односно што претставува темел во вкупната наша општествено - економска положба. Меѓутоа и во овој момент сакам да ;истакнам дека носењето на еден ваков закон претставува само еден сегмент во вкупната развојна стратегија на Република Македонија. Мислам дека и стопанскиот систем треба да биде во функција на градењето на таа развојна политика, да не случајно утре се најдеме во ситуација да бидеме разочарани, да речеме дека со носење на овој закон сме ги завршиле и сите работи што треба да го изградат нашиот нов стопански систем.

III/7.-

Меѓутоа определени решенија сметам дека не се до крај изградени, така што да претставуваат основа на нашиот стопански систем со пазарна ориентација а особено што некои решенија не ни влеваат доволно надеж дека со тоа се постигнува и сигурноста на развојниот концепт, пред се мислам на манифестираниот приод со кој се сака да се дава исклучиво големо значење на подржавувањето. Со овој закон како да не го гледаме големиот чекор токму во јакнењето на државната сопственост, а на таков заклучок не наведуваат повеќе решенија во законот каде се вели таму каде што не може да се приватизира се предвидува да стане сопственост на државата преку агенцијата или на друг начин. Затоа ја изразувам и својата резерва кон ваквиот приод во понудениот текст на законот од причини што моите сознанија не упатуваат на заклучок дека досегашните искуства на државната сопственост не се такви да гарантираат дека токму таа е овој движечки фактор кој ќе гарантира развој таков каков што ние ќе сакаме. Всушност не еднаш државата се покажала како лош стопан

Второ што повеќе пати досега е истакнувано во дискусиите за овој закон а сметам дека е недоволно обезбедено. Станува збор за имотите кои со таканаречените присилни закони во досегашниот развој беа одземени од граѓаните. Преку национализацијата, арондацијата, мелиорацијата и други мерки одземени се значајни делови •од земјоделското земјиште згради, опрема и други основни средства. Дел од тие сопственици и нивните наследници како да не се доволно обезбедени во своите сопственички права што ќе треба повторно да се воспостават на така одземените имоти, или барем јас тоа не можам да го согледам во текстот на законот. Ако пак тоа се регулира со пропратните акти што треба да се донесат во текот на неговата реализација, тогаш

морам да го изнесам своето незадоволство што во оваа фаза не ни беа понудени барем почетните текстови и на таквите акти или други закони кои како пропратни треба да се донесат заради целосна реализација на определбите од овој за- кон. Зошто, да не заборавиме дека овој имот општествен кој ние сакаме да го разделиме, основачки влог бил баш тој национализиран имот.

Трето, што особено беше потенцирано во некои вчерашни дискусии, а тоа е прашање дали не се доцни со донесувањето на овој закон, особено што веќе и малите деца почнаа да зборуваат дека со неговото донесување практично нема што да се приватизира, што беше мислам обврска на Владата. Имено, присутниот процес на ерозија на општествениот капитал според мене го однесе во приватни раце најголемиот или поинаку речено најатрактивниот имот.

Не можам да се согласам со оние говорници кои вчера заговараа дека не е однесен дел од општествениот имот. Како поинаку да се сфати фактот што поединци до вчера така речи немаа ништо сега се појавија како успешни бизнисмени со огромни капитали, со луксузни автомобили а сето тоа само за година или две. Очигледно дека тука нешто не е во ред. или некој не ја врши својата работа така како што треба, мислам на инспекциите, или инструментите, на државата, или пак се работи за некоја нова спрега на силите каде што актуелната власт некого помага да ги оствари своите цели од кои и некои од власта има или ќе има корист. Јас ова прашање  само така можам да о објаснам. Затоа апелирам кон максимална будност на инспекциските органи на ресорните министерства затоа што тоа што се случува со трговските претпријатија во некои помали или поголеми производни капацитети покажува дек а голем дел од општествениот капитал веќе легално и илегално е поминат во рацете на приватниот сектор, а ние сеуште сме во фазата на дискусија.

Четврто, сакам да се осврнам уште на прашањето на таканареченото учество на работни :::те. Јас учеството на работниците не го гледам само во интерните акции. како што тоа најчесто сака да се прикаже во јавноста. Тоа прашање го гледам пошироко како учество на граѓаните во создавав>ето на вкупниот општествен капитал. Тука се и парите на девизните штедачи, користените и враќани странски кредити, а особено оние кои не се вратени на корисниците и секако таканаречениот минат труд, на сега вработените и пензионерите.

Со напорите на Владата се што ќе остане да се стави во таканаречениот капитал на државата мора да се знае дека со тоа државата на определен начин мора да гарантира и со овој капитал, односно за своите обврски кон оваа категорија на граѓани.

IV/1 JJ/НД

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ**: (Продолжение)

Интересно што мене посебно ме зачудува што во овој понуден законски проект не е најдена општествената надградба. Посебно ова сакам да го истакнам во врска со системот на здравствената заштита, било тоа да е целината на здравствената заштита, било да е целината на здравственото осигурување. Јас мислам ако постојат претпоставки каде што може навистина да се приватизира капиталот, не само да се менуваат сопственичките односи тоа е токму областа на здравството. Зашто? Здравството располага со одреден капитал кој што може да профункционира било тоа како опрема, било тоа како капацитети, станбен простор, било тоа како кадар. Само трите елементи треба да се стават во една функција. Ние за жал мислам дека во овој законски проект ништо немаме на тој план планирано. Исто тоа важи и за системот на осигурувањето. Мислам дека сето ова треба да се постави на пазарни принципи. Инаку се вака ми личи на договорна економија. Јас се придружувам на дискусијата на колегата Трпеновски' каде што зборува дека објективни претпоставки за приватизација во оваа сфера постојат.

И на крај да истакнам,, сметам дека врз искуствата на поразвиените земји од запад треба без многу мудрување само да се. Преземе некој од познатите системи и организација на здравството, предвидувајќи приватизација и во него се разбира со државно гарантирање на основните права на здравствената заштита, за што јас, впрочем, на претходната средница зборував со тоа што да се стекне минимум на здравствени стандарди

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Има збор господинот Анастасовски.

IV/2

Дами и господа, првото прашаше сакава да го поставам до претседателот на Собранието за: -о доцниме со Законот за приватизација

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што зошто, зборувајте на микрофонот не можам да ве чујам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сакав да се обратам првин до вас зашто доцниме со овој закон меѓутоа, тоа вие го објаснивте и го прифаќам.

Еден од законите што требаше да го донесеме порано еве задоцни подолго време минаа две ипол години од кога сме ние во овој состав во ова Собрание а тој закон ни донесе и големи главоболки не на нас тука, ние горе долу сме здрави и читави, но донесе многу главоболки меѓу работничката класа, народот, селаните итн. .Зошто тоа е така? Пред говорниците моите колеги нешто објаснија, нешто оставија, еве и јас да кажам. Наполно се согласувам како јас, така и мојата партија а и сите вие тука дека дојде време веќе да стапиме кон трансформација на општествениот капитал и кон приватизација на сето она што беше досега во рацете на државата или во ничии раце.

Што стана меѓувреме? Многу пати од ова место, многу говорници кажаа доста работи, зашто дојдовме во таква положба. Има тука и субјективни и објективни фактори, бидејќи се најдовме во една положба после распадот на Бивша Југославија, нормално дека ќе следи тоа што стана. Меѓутоа, ние односно многу од нас, луѓето токму како да чекаа да дојде тоа време кога требаше да се донесе конечен крах на стопанството односно да се дограби, да се искради, да се грабне општествениот капитал и подоцна како. што' кажа претходникот да се јават како големи

бизнисмени и големи газди. Тоа е така. Јас од оваа говорница многу пати зборував дека наместо да го гаснеме тој стар систем ние го потпалувавме и го јакневме. Така е господа. Никој тоа не може да го одрекне. Никој не може да го одрекне, затоа што место старите капиталисти се раѓаат нови капиталисти, благодарение не на тоа што работеле во странство, не на тоа што дадоа труд како кога Америка се градела, Германија, Гаранција и други земји каде со труд се спечалило, старците наши одеа и дојдоа до таа положба да станат бизнисмени. Кај нас бизнисмените станаа благодарение на општествениот капитал, благодарение на беззаконието што го имаше, благодарение ан малата свест што ја имаа тие луѓе и благодарение на тоа што нашиот човек имаше сили но беше на такво ниво што не можеше да го спречи сето тоа.

Сметам пред да пристапиме кон овој закон за приватизација на општествениот капитал и трансформација на претпријатијата, прво што треба да направиме, треба да се оформи една арбитражна комисија, на некого може не ќе му е арно, една арбитражна комисија внатре од Собранието или од надлежните власти, затоа што надлежните министерства ми се чини не се ефикасни да ја извршат таа работа, бидејќи некој од нив има ставено раце во општествениот капитал. Што ќе бара и што ќе прави таа Комисија? Јас не се консултирав ни со мојата партија, ни со оваа, ни со онаа партија, не, јас се консултирам со масите, со луѓето, со оние што ги сретнувам на улица. Тоа е моето видување на нештата во оваа држава. Таа комисија ќе има за право односно ќе се овласти од овие органи, од овој орган внатре, од ова Собрание за да се види кој ја украде државата. Затоа што со овој закон ние на тие луѓе арамиите, ќе ги заштитиме. Значи носиме еден закон спротивен на нашите барања, спротивен на барањата на приватизацијата и трансформацијата на општествениот капитал.

Второ, јас не давам амандмани, амандман нека биде мојот говор, како и моето обраќање кон овој Парламент.

Што се однесува до самиот процес на приватизација а ние нема овде што да приватизираме, затоа што се распарчија малите претпријатија се делат овде дуќанче таму дуќанче, како се дале тие кој ги зел тие дуќанчиња кој ги овластил да ги земат тие дуќанчиња, и ако чинеле 40 илјади марки сега го зеле за илјада или за петстотини марки, и одма утре цути тој капитал. Значи овде сега, се враќам малку назад ќе ми извинете што еднаш или двапати им реков што во ова државиче цути корупцијата и митото. Ние не се ослободивме од корупцијата и митото и не ќе можеме да се ослободиме така лесно. А органите за прогонот одма сега ќе кажам една метафора затоа што некои од децата сакаат да видат да слушнат што ќе кажам. Ако еден украде една јаболка, органите на прогонот дури не го фатат тој и да го казнат, нема да престане. И еден човек фатија така го донесоа на суд четворица полицајци. Судскиот совет брои 8 судии. Четворица полицајци двајца пред него и двајца по него и ќе го судат. А, јаболчето го чува во џебот. И му вика главниот судија, претседателот што имаш во џебот? Тој одговара едно јаболко. Потоа го прашува"како ќе се браниш"? А тој вели - ќе кажам како ќе се бранам. А тој кажал. А што рекол, знаете ли? "Господа судија пуштете ме"одговорил, "јас украдов една јаболка". Потоа продолжил "но знам луѓе кои ја украле целата држава". И рипнале сите судии и рекле "а бре овој ти бил народен пријател". Веднаш по член парни, по член други, по член 3, четврти, пети, се суди од 20 до смрт. Значи овој што го украл јаболкото треба да се осуди на смрт, а овој што ја украл државата не е виновен. Тоа е за децата кои чекаат да ме видат и слушнат. Нека тоа го сфатат и возрасните дека кај нас ди така се работеше.

IV/5

И една друга работа, се обраќам до нашите академици - граѓани и академски граѓани. Наиме во нашите факултети денес а и во средните школи до вчера професорите предаваа договорна економија. Истите професори денеска ја предаваат пазарната економија. Јас ве молам ,како сега тој човек ќе се прероди. Како одеднаш овој човек сега ќе стане пазарен професор (смеење во салата) тука е многу тешко. (Некој дофрлува од место како ти што стана).

**СТОЈАН АНДВО:**

Ве молам да се вратиме на законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Договорната и пазарната економија се два спротивни пола, како што е негатив и позитив што се судруваат. Не може, тоа е веќе експлозија. Значи, незнам во која надлежност сега ќе падне тоа,но под најитно откако ќе се изменат сите директори на претпријатијата да се изменат и сите професори кои предавале договорна економија, затоа што заразата навлегла и кај студентите, кај повеќето студенти. Дури во другите држави се предава, а тоа треба да влезе во законот, и не може ништо површно па после да правиме грешки.

Зборувам се во име на законот. За тоа ќе давам примери. На пример во Полска доаѓаат професори од Англија и незнам од каде предаваат за бизнисот и за пазарната економија. Кај нас не може да влезе таков професор. Доаѓа некој професор кај нас од надвор, не учи како да поминеме во пазарна економија, ќе седи два-три дена тука и ќе си оди а ние ќе речеме само амин, така ќе биде а другиот ден пак си продолжуваме како ние што знаеме. Значи не прифаќаме. Ние туѓо не прифаќаме а наше не сакаме. Е сега, што сакаме јас незнам.

Што се однесува до пазарната економија и до приватизацијата видете луѓе,откога ние уништивме се што имавме и кога го донесовме до просјачки стап работникот, сега тоа што остана ние ќе го приватизираме

и ќе го растуриме. Тоа е Законот на приватизацијата и на трансформацијата на општествениот капитал.

Мене ми се чини дека човек без пари не може да земе фабрика. И тие акции без пари не се пари, не се пари. И тоа треба да го знаеме Добро ама треба да се прашаме една работа, фабриките се градеа од кого? Истото тоа ти иде како некој да гради куќа за нас а тој да нема куќа. Работникот е тој што ги градеше"фабриките, работникот е тој што даваше средства, пот и крв и сега при трансформација на општествениот капитал бара и работникот да има 20% од тој капитал што е внатре во фабриката. И тој да биде газда, дури и оној што отиде во пензија во тоа време кога се правеше фабриката. Ако тоа не го направиме, новиот директор ако ја купи фабриката, тогаш работникот ќе остане на улица. Ќе се судриме со една социјала што е многу потешка од онаа што досега ја имаме. Има овде,тука, многу директори не сакам никого да навредам и никого не сум навредил, треба да имате јасен план, ве молев вас, од ова место ве молев, земете ја ситуацијата, вака во вашите претпријатија. Земаме нови работници а старите ги праќаме како технолошки вишок, како го викате. Јас имам и дете дома 42 години, јас најотворено ви кажувам од Заводот тие се цела една ипол година така одат доаѓаат и утре ќе распаднат. При распарчувањето треба да се внимава тоа господинот Теодосије ми се чини го кажа да се внимава да не се распарчува фабриката. Се распарчи ли фабриката тогаш отиде, ќе ја изедат ќе ја продадат за старо железо дел по дел. Тоа е многу лоша работа. Со тој закон фабриките да се зачуваат и да останат целосни. Фабриката да остане целосна затоа што таа фабрика ќе биде цела и технолошки и економски и како сакате кажете, таа ќе може само така да функционира. Ако пак ја поделиме нема да испадне ништо, како кога ги

делевме тие претпријатија еден земи го препрај го денес дуќан ут кафич, трет ден незнам што итн. итн. И се растурија многу претпријатија. Значи фабриките да останат целосни какви што се и да внимаваме. Треба да внимаваме во една работа и при договорите кога ќе се склучуваат да нема технолошки вишок, да не се бркаат работници од фабриката,и да можат тие што ќе раководат со фабриката бидејќи и самите ќе бидат дел од тоа раководно тело при приватизацијата си останат и секогаш да се прават планови за нови и нови работни за да се избегне таа социјална војна што не очекува понатаму.

Агенцијата, таа за мене е нешто, знаете како нешто ка? држава. Агенцијата за мене е нешто чудно. Тоа значи еден круг од луѓе кои можат пак да манипулираат и да си донесуваат сами одлуки за некои работи кои што во времето во кое градиме ново општество непотребни. За мене агенцијата е апсолутно неприфатлива.

И да внимавате во едно односно да внимаваме, многу пат сум рекол дека на арамија никој ништо не дава. Не се навредуваме сега ние. Тие арамиите нека се надвор од оваа куќа. Меѓутоа, внимавајте вие сте сведоци овде што сте внатре а сте директори, никој нема да ви даде од сега натаму странски капитал. Зашто? Како прв треба убаво да му гарантираш, да го заштитиш, жал ми е ние сеуште немаме такви закони, се плаши да ти даде еден денар, зашто утре го изгуби а после да ти даде стран капитал и да коопeрира со дотичната фабрика или претпријатие. Инаку има уште многу што да кажам тоа е еден циклус од предавање што може да го предава цела година оној кој е професор на Факултетот по економија. Од ова место толку сакав да кажам и да внимаваме при приватизацијата да не оставиме а јас тоа ќе го барам, ќе дадам и еден амандман за таа арбитражна комисија да се оформи и ќе внимавам

убаво кога ќе се врши приватизирање на општествениот капитал. И по можност сите директори што е тука во нашата сала да бидат малку почовечни, инаку сме човечни, и да внимаваат што работат при приватизирањето итн. и да бидат поблагонаклонети кон тие што работат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

Почитувани пратеници, дозволете ми на почетокот да го искажам, по прв пат, за разлика од вас сопственото мислење за место на овој закон во денешните услови. Мислам дека треба сосема сериозно да го лоцираме,"можеби компаративно за тоа што за демократијата во Република Македонија претставуваат Законот за слободно политичко организирање и за слободните избори, можеби тоа што положбата на Република Македонија во меѓународната заедница ја одредува приемот во ООН признавањето итн., токму во економскиот систем тоа се резултатите на кои ние се надеваме од оваа приватизација. Ова го велам за тоа што таа претставува најсериозниот удар што го задаваме на стари наджевеан економски систем, односно ја менуваме сопственоста на капиталот, а таа е темелен и почетен елемент на секој нов економски си

Заради тоа се надевам дека сме во предвечерието на донесувањето на законот за приватизација за тоа што за него веќе според длабоки уверувања и немаме сериозни разидувања во Парламентот. Ќе потсетам дека немаме поголема дисонанција ниту пак од понудените амандмани се гледа дисонанција за скоро сите крупни работи што се нудат во законот и за сите проблеми што се третираат, прво дека сакаме приватизација, второ дека имаме согласност кој дел од капиталот и кои дејности во Република Македонија се подложни на приватизација.

IV/9

Имаме согласност и за тоа што не може да се приватизира, согласност имаме околу формирањето на специјалната агенција за приватизација, околу поделбата на претпријатијата од аспект на начинот на приватизација на капиталот и во поделбата на претпријатијата на мали,средни и големи, околу постапката на приватизација, заштита на правата на поранешните сопственици или нивните наследници, околу технологијата на остварувањето на приватизацијата, околу видовите на приватизацијата на малите на средните и големи претпријатија итн.

V/1. СП/ЉР

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:/продолжение/

Според подадените амандмани и дел од дискусиите во основа имаме согласност околу постапката за приватизација на претпријатијата под стечај и уредување на односите во Агенцијата. Сето ова го потенцирам за да укажам на фактот дека практично не постојат толку големи разлики како што се обидуваме самите и на себе често и од оваа говорница да си докажеме по однос на понудената приватизација.

Мислам дека во основа останаа две групи на проблеми околу кои имаме, повторно поаѓајќи од амандманите кои се понудени, разидувања прво, околу попустите за вработените во претпријатијата кои се приватизираат и тоа со два вида на проблеми попусти од една страна и бесплатното добивање на акции од друга страна и вториот вид на проблеми се проблемите кои произлегуваат од преодните и завршните одредби, односно околу третманот на досегашната приватизација спроведена по концептот на Анте Марковиќ која се покажа злоупотреблива и неефикасна.

Првата група на проблеми околу попустите е прашање за главниот принцип на оваа приватизација. Приватизацијата да е во насока на зголемување на ефикасноста или во насока на разрешување на дел од социјалните тензии и проблеми во Република Македонија.

Длабоко сум уверен дека аргументи има за двете и дека ни еден предлог не е злонамерен ниту радикално не прифатлив во овој Парламент. Но, убеден сум дека текстот и предлагачот прават приближно идеален спој на овие две со нагласка на ефикасноста. Тоа, пред се, со девизата дека секоја приватизација мора да биде платена.

V/2.-

Исто така сум убеден дека не е запоставена ни социјалната функција на аспектот на приватизацијата на претпријатијата со одредбите кои дозволуваат приватизација со попуст од 30% плус 1% за секоја година на стаж што со некој идеален просек од 20 години на стаж овозможува со 50% попуст да се приватизираат дел од акциите Исто така во овој дел го сметам како социјална функција и делот од акциите во висина од 15% кои се нудат во пензискиот фонд на РМ, се разбира тука се уште некои поситни елементи кои даваат социјална функција на целиот закон.

Мислам дека можеби заслужуваат најголем дел од внимание овие аспекти на законот затоа што со нив практично се прави отстапки према дел од граѓаните на РМ и ако одиме од тоа дека во Републикава имаме околу 500илјади вработени во општествениот сектор кој треба да не приватизира и согласно Законот ги минисираме оние кои се издржуваат од Буџетот околу 60 илјади, потоа оние кои работат во јавните претпријатија, во претпријатијата кои работат со земјоделие, водо-стопанство, шумарство, деловен простор, монополите, финансиско осигурителните претпријатија и др. таа бројка на привилегирани по основа на овој закон во процесот на приватизацијата е многу помал од 500 илјади и може дури да се постави од аспект на дискриминација кон сите останати вработени односно граѓани на РМ, па можеби треба да разговараме и дали има уставен основ за таква дискриминација позитивни кон само еден дел од граѓаните или е во рамките на сите кои стопанисуваат во овој момент со општествениот капитал само еден дел од тие кои работат во оние дејности кои ние со овој закон ќе ги приватизираме.

V/3.-

Затоа компромисот како таков во Законот мислам дека треба да се прифати од сите нас, а тоа е компромис во насока на економска ефикасност и тоа како статичка така и динамичка и убеден сум дека е алокативна и таа ефикасност мора да биде исто така по повод компромисот што се перави на микро и макро ниво.

Само ќе истакнам дека сите досегашни приватизации кои содржат елементи на распределба, пред се мислам на оние во централна и источна Европа се релативно неуспешни и неефиаксни, додека сите други приватизации кои се темелат на принципот на продажба каков што се предлага во овој закон во основа се изведуваат во западните економии се релативно успешни за што имаме свежи примери во Англија,Германија, најавени намери во Франција иако можеби заради нивото на слободен капитал кој функционира во тие држави и во нашата се неспоредливи, меѓутоа, како принцип можеби треба да се спомене.

Исто така, го разбирам стравот на одредени општествени групи дека овој метод на приватизација понекогаш може да донесе незадоволување на социјалните барања на еден поширок дел на граѓани, што би довело до запирање на процесот на приватизацијата, но одново упатувам на балансот кој се нуди во Законот со сите попусти. Ваквиот баланс, убеден сум, дека во преден план ги исфрла мотивационите фактори, факторот на ризик и релативната неизвесност односно извесно која е иманентна на пазарното стопанство.

Поделбата, од амандманите кои се понудени, на бесплатни акции мислам дека токму ги запира процесите на мотивирање и ризичност која ќе се внесе во нашето стопанство и затоа за мене се неприфатливи

V/4.-

Преголемите компромиси кои се нудат со амандманите од многу пратеници од сите пратенички групи прават обид проблемот на противречноста помеѓу потребата од акумулација заради поголемо производство и тежнението за присвојување заради лична потрошувачка да го светат на второто на личната потрошувачка, а тоа секако не е наша стратешка определба во овој момент ниту мислам дека е цел на нашата развојна и економска политика.

Ова го велам затоа што продажбата, па дури и со попуст значи акумулативност, додека поделбата во суштина е некаков нагон кон лична потрошувачка што од општествен аспект има секако второстепено значење. Ако се согласиме дека прашањето на сопственоста на капиталот е економско прашање, тогаш нам ни треба и таков економски модел на приватизација. Мислам дека тоа провејува во Законот кој е понуден и сепак со извесни отстапки во контекст на социјалните аспекти ќе ја направат приватизацијата по неефикасна, но можеби поспроведлива и реална.

Длабоко сум убеден дека нешто од ефикасноста ќе жртвуваме на социјалната еднаквост на дел од вработените, а поголем дел од в тората односно од социјалната еднаквост ќе жртвуваме за ефикасноста на капиталот кот се приватизира.

Што се однесува до прашањето на досегашната приватизација, наполно го прифаќам понуденото во законот за нивна ревизија. Би потенцирал дека овој закон претставува до сега најкрупен чекор кон проблемот со девизните штедни влогови на граѓаните и можеби најзначаен чекор кон нивно разрешување. Врз основа на нив штедачите особено крупните штедачи имаат убава шанса продуктивно да ги ангажираат заробените средства и да станат сопственици, а по пат на

дивиденди да ги повратат, изгубат или мултиплицираат своите таканаречени изгубени девизни штедни влогови.

Нешто би кажал и за генералниот пристап кон амандманите, со оглед дека ќе имаме расправа и по нив. Скоро сите се во насока на разводнвување на моделот и доаѓаат од сите пратенички групи за разлика од некои мислења кои овде беа искажани, барем тоа е статистички утврдливо од понудените амандмани. Според големина ги набројувам, пратеничките групи кои имаат поднесено такви амандмани или пратеници од соодветните пратенички групи ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, РС-ЛП, Социјалистичката партија, па во одредена мера и во пратеничката група ПДП во нешто по ублажена форма.

Би сакал од ова место да упатам апел до дел од пратениците кои седат од левата страна на Парламентот согласно својата декларирана политичка филозофија и програмата ја прифатат нагласената ефикасност во понудениот закон, а оние кои ја понесоа директната одговорност за состојбата во РМ да покажат способност за издигнување над ситуацијата генерирана од групните притисоци и интереси и да дадат нагласка на донесувањето на ефикасен закон затоа што поголемата или преголемата справедливост во Законот може да доведе до релативна неефикасност на проектот и да се отстраниме од основната цел која ја зацртавме во донесувањето на законот.

Согласно определбите кои ги изнесов ќе гласам по амандманите кои се поднесени, според некоја евиденција од 150 до 200 и нема да ги прифатам затоа што мислам дека не одат во насока на дефакто приватизација. Ме радува што досегашните дискусии на голем дел на пратениците од оваа говорница беа во таа насока и тоа ме охрабрува.

V/6.-

**СЕФЕДИН ХАРУНИ:**

Сакам да бидам сосема краток и да дадам учество во оваа расправа кон Законот за приватизација на претпријатијата со општествен капитал.

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Своето излагање морам да го отпочнам со народната поговорка "Сос таро рало не се врши длабоко оран»е". Според тоа, со Законот што ни се нуди навистина не може да се очекува остварување на процесот на приватизација, за која веќе се определивме. Трансформацијата, со оглед на нашите услови води кон приватизација. Таа стратегиска цел за која веќе се определивме, но тоа не е приватизација во вистинска смисла на зборот на што оправдано беше укажано од оваа говорница. Од наша гледна точка подобро ќе беше да се делат ваучери на сите граѓани и преку нив да се изврши трансформацијата, но очигледно за тоа нема услови. Затоа го поддржувам моделот што се нуди со сите негови слабости. Подобро да продолжи еден веќе започнат процес според пропишана постапка и методологија отколку тој процес да се одвива диво.

Решенијата во овој закон мора да водат сметка за сите граѓани, дури и за оние кои од низа проблеми се иселиле од Македонија и веќе не се нејзини жители, а тука оставиле имот кој сега се приватизира.

Би додал дека во стартот за купување на акции еднакво треба да има шанса секој граѓанин без оглед на неговата националност и национална припадност. Тоа значи дека во спроведувањето во Законот треба да се однесуваме како граѓани на една демократска држава .Поради тоа, го поддржувам донесувањето на овој закон освен членот 33 кој треба да се модифицира во духот на предложениот амандман од некои наши колеги. Само на тој начин ќе бидеме доследни во нашата

определба  за нов стопански систем и за пазарно стопанство односно за економски развој врз пазарни основи.

Доколку не го изгласаме овој закон,нема да постигнеме пред се развојни цели и ќе немаме промена на системот додека последиците ќе ги чувствуваме сите задно во развојот:

**СИМОН НАУМОСКИ :**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Уште на почетокот од својата дискусија сакам да кажам со извесни ситни корекции кои треба да бидат брзо направени од страна на Владата, корекции кои во ништо битно нема да изменат во основниот концепт на законот, макар да предлагачот не мислеше така барем до пред два дена и сум за прифаќање на овој закон.

Јас сум за прифаќање и заради тоа што законот е доста појасен и поконкретен од Нацртот, прилично појасен за примена, доста е оформен како целина и посебно што сакав да потенцирам за една карактеристика е со голема доза на сировост неопходен придружник кај ваквите закони.

Целите за кои се носи законот, а кој ги исполнува на повеќе наврати г-динот министер Миљоски се сосема реални и вистинити немам замерки на нив, останува само заеднички да се надеваме дека ќе бидат оствареniот натаму, само не знам за кој временски период.

Според содржината на доставените амандмани по овој Предлог на закон за трансформација на општествениот капитал може слободно да се заклучи доставувачите на амандманите и на своите забелешки ги имаат во основа во две подрачја и тоа на подрачјето на законот кое го регулира прашањето на попустот кој треба да го добијат вработените во

претпријатијата при трансформација на општествениот капитал и во подрачјето кое го расчистува прашањето на начинот на признавањето на досегашната трансформација регулирано со Сојузниот закон за трансформација на општествениот капитал, како и регулирање на прашањето на третманот на интерните акции издадени по Сојузниот закон за личните доходи и сојузниот закон за општествениот капитал.

Сето тоа е регулирано во членот 26 и членот 110 од Предлогот на законот по чиј текст денеска расправаме. Моите 8 амандмани доставени по овој закон половината од нив се поврзани со оваа проблематика, дел од нив се прифатени во комисиската расправа, дел ставени во игра, а дел повлечени од моја страна пред се поради несогласување со Владата во некои несуштински решенија од законот и поради тоа што претходно во истите членови каде имав забелешки дефинирани во облик на амандмани беа вметнати на расправа на Комисијата слични или поприфатливи решенија во моментот од оние кои јас ги предлагав.

Доставените 200 или 300 амандмани на овој закон кој има само 117 членови за мене е објективно и очекувано и тоа го сфаќам ако еден високо одговорен однос на пратениците во основа со единствена цел да се подобри, допрецизира и доконкретизира овој закон вклучен во натамошното работење, развојот и ефикасноста во стопанисувањето во Републикава.

Барањето поткрепено со серија амандмани од повеќе пратеници и тоа од различни пратенички групи да се зголеми процентот на акциите со попуст, мислам на обичните акции оние кои обезбедуваат право на глас, право на управување и барањето на повеќето пратеници преку

амандмани да се зголеми границата на откупот на акции со попуст од страна на вработените јас го прифаќам во целост и го сметам за сосема издржано и целосно оправдано кое сметам спрема досегашните дискусии единствено може да помине во гласањето.

Дел од пратениците доставувачи на амандманите по членот 26 одат нешто подалеку и посмело, па амандмански нудат варијанти и на бесплатни акции и комбинирани решенија и тоа на емисија н а бесплатни акции, емисија на акции со попуст.

Ова нивно барање го сфаќам како добро размислување, оправдано пред се тргнувајќи од фактот што вработените во претпријатијата немаат средства да учествуваат во откупот на претпријатието во кое го потрошиле својот работен век, па лесно може да се случи тие честопати носители на развојот утре да се најдат како странични посматрачи преку оградата на претпријатието во кое го вложиле целиот свој живот со знаење и стручност. Ние расправајќи по амандманите на Комисијата за стопанство на Владата и ги препуштивме сите три варијанти да се произнесе по нив и варијантата присутна во членот 26 од Законот само со разгледување на можноста за зголемување на процентите и износот на марките до кој може да се оди со попуст пота ја пропуштивме и варијантата на емисија на бесплатни акции за вработените и третата варијанта комбинирана емисија на бесплатни акции и акции со попуст. Каков е ставот на Владата ќе видиме во догледно време.

По мое убедување по детално анализирање на целиот Предлог на закон и доставените амандмани по него, сметам дека е сосема реално потребно оправдано и прифатливо во овој момент барем денеска

процентот на акциите кои ќе се даваат со попуст на вработените да се зголеми на повисока граница од предложената на 30 %, а поединечната вредност на акциите кои ќе можат да се откупат со попуст се помрдне на зголемена граница до 30 илјади марки, а и повеќе за што имаше доста предложени амандмани во врска со оваа проблема- тика со што вистината на општествениот капитал кој ќе биде оставен да се откупува без попуст за стекнување на доминантните управувачки права ќе ја имаат вредноста од најмалку од 55% што сметам дека е сосема доволно за создавање на поголем интерес на надворешните купувачи или вложувачи во претпријатијата.

VI/1.- СС-ВБ

**СИМОН НАУМОВСКИ**: (продолжение)

На расправата на Комисијата за стопанство се даде многу попрецизна формулација на членот 110, попрецизна и поприфатлива од предложената. Но, сметам дека прашањата - кој ќе ги плаќа придонесите пропишани според Законот по издадените интерни акции, поединецот или претпријатието, како и начинот на исплаќањето на прибирањето на овие обврски не е најсоодветно решено. Според тоа и понатаму сметам и стојам на решението дадено во амандманот број 15 од пратеникот Иван Иванов, само во ставот од неговиот амандман под број 2.

Ако се тргне од состојбата за стандардот, односно примањата што во последниве години ги имаат вработените во стопанството, тешко е да се верува дека ќе има некаква масовност од сегашните вработени кои ќе се пријават за откуп на акции, според овој закон, па и оние акции за што ќе се одобрува предвидениот попуст според овој закон. Посебно мислам на оној, недооткупен дел на миниум 55% од општествениот капитал. Затоа сметам дека е чесно уште на стартот да се создадат барем нешто поповолни услови во висината на попустот при откупот на акциите во однос на решението дадено во сегашниот член 26, само со цел да се овозможи некаков приближно еднаков старт во откупот на дел од акциите и од страна на постојните вработени и од страна на оние кои од надвор ќе се пријават за тоа.

Ако и понатаму предлагачот остане на својата определба изнесена во членот 26, без било какви корекции во правец на зголемување, тогаш тоа може да се сфати само како намера предлагачот како негова намера да се дозволи што помалку права на постојните вработени во претпријатијата во идната трансформација, а многу повеќе да се овозможи право на откуп на капитал на страничните купувачи кои објективно ќе имаат многу повеќе готовански средства од постојните вработени во претпријатието денеска.

Незнам дали таа определба е во ред.

Кога во почетокот го спомнав поимот "сировост" мислел токму на ова решение од ова подрачје од законот. Се поставува прашањето што треба да се очекува од примената на овој закон над Одговорите, според мое убедување, се неколку:

1. Многу претпријатија што до сега, па и сега финанс лошо стојат, ќе се доведат во состојба на стечај. Последиците од стечајот на сите ни се познати, ќе си дојдат сами по себе и брзо

2. Во оние претпријатија во кои што трансформацијата се изврши и брзо ќе се знае сопственикот или сопствениците, однос носителите на управувачките права, првиот потез на новиот сопственик ќе биде брзото ослободување од вишокот на работна рака, технолошки или економски вишок сеедно, како привремено или трајно решение. Едно е овде сигурно, а тоа е дека едниот сопственик со својот прв потез во претпријатието ќе се ослободи, пред се, од неспособните кадри, од оние кои го држат работното место исклучиво поради дип. мата што ја имаат, а не поради резултатите што ги остваруваат на работното место, а кои, до сега, според Законот, поради школската спрема беа целосно заштитени.

3. Претпријатијата со интересна производна програма, а со лоши производни, пред се финансиски резултати, со промена н. сопственикот нормално е да се очекуваат случаи на крупни позитив; промени, онакви какви што се очекува реално со донесувањето на овој закон.

4. Во сите оние средини во кои ќе се спроведе навреме трансформација ефикасноста ќе се добие во сосема нови димензии и итн.

Ако сакаме што побрзо да ги видиме ефектите од овој закон, тогаш е неопходно многу брзо да бидат донесени од страна на Владата сите оние осум неопходни акти потребни за реализација на овој закон кои се

наведени на страна 17 од образложението на законот. Откако сите тие ќе бидат донесени и проанализирани од сите нас, ќе знаеме точно и ќе имаме целосна претстава за ефектите и последиците од примената на овој закон.

По мое убедување, многу поправедно ќе беше и многу покорисно и многу покорисни ќе бевме како пратеници со своите дискусии, па и во предложените амандмани ако ги доставевме, ако ги добиевме паралелно со текстот на овој закон и останатите осум акти за кои се зборува на страна 17 од образложението. Но, што е тука е. Веројатно следниот пат при вакви закони ќе се исправи оваа непотребна грешка.

На крајот сакам да повторам, бидејќи во својата дискусија во текот на вчерашниот ден тоа го кажа мојот колега Симеон Ивановски, а тоа е дека определбата во овој закон внесена во еден член за досегашната трансформација, извршена според сојузниот закон , дека ќе биде подвргната на детална контрола и ревизија, ја сметам за совршена и ја прифаќам во целост како многу оправдано решение.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Со цел да обезбедиме активно учество на сите пратеници, а сега ги немаме доволно во салата, објавувам пауза до 15,00 часот, со замолница навистина во 15,00 часот да бидеме тука и да почнеме со работа.

(Пауза од 13,35 до 15.55 часот)

VI/4.-

(По паузата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа.

Збор има господин Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа. Досега не беше спомнато во однос на трансформацијата за здравството никаде. Единствено пред 11 дена Комисијата за здравство расправаше за завршната фаза од донесувањето на Законот за трансформација на општествениот капитал и некои свои заклучоци и амандмани постави.

Меѓутоа, при првата фаза на разгледувањето на овој законски проект здравствените работници од Македонија воопшто не беа запознати ниту активирани во овој проблем. Ова можам да го кажам и од таму што лекарите во своите здруженија по општините, а исто така и лекарското здружение ан Македонија, како и лекарите по коморите во општините, лекарската комора, скоро воопшто не дискутираше по овој проблем иако мислам дека ваква една трансформација треба да дојде и во здравството.

После два дена од општата расправа по трансформацијата на општествениот капитал единствено моите колеги д-р Димитар Трпеновски и д-р Гоце Андоновски го зафатија односно го активираа проблмот на трансформацијата во здравството.

Во законот за трансформација на општествениот капитал, освен на втората страница се спомнува само во една неодредена форма дека работните организации што се занимаваат или имаат посебна општествена дејност и карактер нема да бидат трансформирани. Тоа значи дека организациите од здравствената заштита во членот 9 се спомнуваат само како здравствени работници или како здравство

припаѓаме во таа категорија каде сме со еден посебен општествен интерес. Меѓутоа овој закон за здравствена заштита е донесен пред две години, пред донесувањето на Уставот на Република Македонија.

Во Законот за трансформација на општествениот капитал има една појава, а тоа е дека постојат организации од посебен општествен интерес, тоа се здравствените работни организации или здравството, но во Уставот на Република Македонија донесен 1991 година, во ноември воопшто не постои таква категорија на организации од посебен општествен интерес. Според тоа, напомената на втората страница од Законот за трансформација на општествениот капитал е во една спротивност со Уставот. Затоа треба организациите од здрвствената дејност да бидат рансформирани во сегашнава фаза од трансформацијата на општествениот капитал.

Дека постои потреба од трансформација и во здравството ќе потврдам со неколку моменти:

Здравството, подолго време работи со постојани загуби. Тоа значи дека здравството во последните години не се преориентирало во работење на пазарни услови. Од една страна неговите средства се ограничени, било тоа во минатото преку СИЗ-овите односно СИЗ-от за здравствена заштита, а од пред две години и со Фондот за здравствена заштита. Значи, од една страна ограничени средства, од друга страна пазарно работење кога се однесува за купување материјали, лекарства, прехранбени продукти, плаќање средства за енергетика и се она што на пазарот се нуди, а потребно за секојдневно работење на здравствените работни организации.

Бројот на вработените во здравството изнесува некаде околу 24 илјади луѓе. Во проценти изразено е некаде околу 5% што значи една импозантна бројка вработени во општествениот сектор кои се исхрануваат од Фондот, што се наоѓа во рамките на Министерството здравство.

VI/6.-

Ќе погледнеме дали искористеноста на овие 24 илјади луѓе во текот на денонокието или една недела се искористени како што треба? Со сигурност можам да потврдам дека искористеноста може да се движи и некаде повеќе од 50%.Во едно општество што се стреми кон пазарно стопанисување, а и министерот, д-р Јане Миљовски кој вчера истакна дека треба да влеземе во капитализам, мислам дека во капитализам со неработење не можеме да влеземе.

Ако треба да влеземе, тоа ќе значи дека ќе треба да се влезе со стварно работеше, максимално работење, максимална стручност, хуман однос кон пациентите итн.

ВО досегашното работење здравствените работни организации во областа на таканареченото општинско здравство просто се натпреваруваа која општина ќе изгради поубав, поголем здравствен објект иако објектите понекогаш беа се на се околу десетина километри оддалечени еден од друг град. Тоа се покажа точно сега дека искористеноста на капацитетите во здравството е можеби и помалку од 50%. Со едно вакво неискористување на капацитети на здравствените работни органиазции во пазарно работење, при влегување, пак ќе го апострофирам д-р Јане Миљовски, во капитализам ние не можеме да влеземе. Не можеме да создаваме трутови на една страна, а од друга страна некој да не плаќа па макар и со минимален личен доход.

Можам да речам дека личниот доход на здравствените работници како да се сведува на минимален личен доход. Тоа е уште еден факт дека здравствените работни организации уште сега треба да се трансформираат.

Наспроти тоа, приватното здравство кое навлезе во нашата држава од пред неполни две години, со донесувањето на Законот за здравствена заштита почнува да го наоѓа своето право место. Се отворија голем број приватни апотеки. Значи, фармацевтите кои беа еден приличен број

невработени си го најдоа местото и дури сега станувaат веќе и дефицитарен кадар. Се отворија приличен број стоматолошки амбуланти и невработениот дел ан стоматолози почнува да се прилагодува кон вработување во приватниот сектор. Исто така, срамежливо но малку постапно се отвораат и приватни ординации на лекари од општа пракса, како и специјалистички ординации што почнуваат да се отвораат. Луѓето го наоѓаат својот интерес, а тоа се должи на тоа што слабостите на државата, токму во даночниот систем, во контролата остануваат на милост и на немилост, па на тој начин овие приватни работни организации, односно формирани ординации работат и тоа со една голема добивка, како што е впрочем и приватниот сектор во другите дејности.

Меѓутоа, со плитки џебови остануваат вработените во општествениот сектор, во општественото здравство. Според тоа, уште од сега, со неполни две години од работењето на приватното здравство се наоѓаме во еден расчекор помеѓу приватното здравство од една страна кое има вработено минимален број на високостручен акдар, аптекари, стоматолози, лекари и општественото здравство каде има вработено огромен број здравствени работници. Што се однесува до средно - стручниот здравствен кадар, потоа административниот кадар, правен и економисти, скоро да воопшто ги нема во приватните ординации. Вакви профили на вработени во општествениот сектор имаме доста Би рекол, како на здравствените работници, така и на овие, искористеноста е можеби и уште повеќе него ли 50%.

ВО здравството има пропусти и во однос на наградувањето. Тоа е линеарно, односно во здравствените работни организации од општествениот сектор постои таканаречената уравниловка. Тоа се однесува и за редовното работење, за дежурства, за повик или за приправност во ова работење. Така што никаква стимулација нема за

работа на здравствените работници, а мислам дека и тие се желни еден ден нивната стручност да дојде до израз и на тој начин да бидат наградувани спрема нивната стручна способност итн.

Пред малку спомнав дека добар дел од здравството работи во пазарни услови. Се работи за лекарствата што ги плаќаат така како што фабриките ги определуваат цените. Прехранбените продукти што се користат, другите материјални трошоци, енергијата, огревот, дрвата, нафтата, струјата и се она што е потребно за работа во здравствените организации се плаќа според пазарните услови. Меѓутоа, другата страна која доаѓа од Фондот, таа е се повеќе ограничена и се повеќе ограничен. Можам да ви кажам дека во минатото материјални трошоци во здравствените организации се движеа од 35 до 40%. Сега материјалните трошоци се движат и до 50%. Платите во минатото меѓу 60-65 па дури и 70%, а сега платите односно средствата што се издвојуваат за плати достигнуваат некаде н до 51%. Тоа значи дека доаѓа до намалување до платите, а сето тоа од за сметка на намалување на личниот доход. Фактички здравственине работници го дотираат или оскрбуваат здравството.

Сведоци сме и на тоа дека пред една една ипол година почнуваат да се наплатуваат лекарствата. Мислам дека денеска ниту еден пациент во амбулантното лечење не ги добива лекарствата бесплатно. Сите се наплатуваат. Единствено што можат нешто пациентите да добијат бесплатно тоа се лекарства преку одделенијата во здравствените работни организации што благодарение на помошта, било тоа прек ЕЗ, ПРОЏЕТ—ХОП организацијата,Сороз итн. Инаку, се она друго се наплатува од џебот на осигурениците.

Сега, какво е тоа осигурување кога од една страна пациентите ги плаќаат лекарствата до максимум, лекарствата се формираат по цена на чинење на пазарот односно се набавуваат, а здравствените работни

организации не можат да ги купат овие медикаменти и да им ги дадат на пациентите.

Мислам дека треба да дојде до трансформација во здравството и поради други причини, поради потребата д дојде до израз стручноста на здравствениот кадар. Потоа хуманиот однос кон пациентите. За менаџментот можеме само да слушаме преку разни информативни служби, дека менаџментот во здравството ќе дојде. Меѓутоа, до денеска такво нешто никаде не можеме да сретнеме и видиме и денеска, во стопанството, во трговијата тоа иако го има.

Пациентите се желни за културен однос кон нив, што до ден денеска тоа е сведено само на поедини места. Да не зборувам за воведување на нови технологии. Здравството работи со апарати, со технологија од пред 10-15-20 години. Најголем дел од апаратите- и опремата е застарен, дури процентот се движи некаде 60-70-80 па и 90%. За внатрешноста, здравствените работни организации во внатрешноста, последниве години се просто желби да добијат нешто од апарати. Меѓутоа, поради материјалната и тешка финансиска состојба вакво нешто нема. Може тоа да се сретие како реткост, како лотарија и нешто да речеме на институтите или клиниките тука во Скопје. Спор тоа, внатрешноста е запоставена во однос на опремувањето.

Кога спомнав дека треба и здравствените работни организации меѓу себе да се конкурираат, не да имаме конкуренција каква што има сега во приватниот сектор, каде ги формираат цените како што сакаат, од друга страна цените што се определуваат од страна на фондот ги имаме. Можам само една работа илустративно да кажам дека еден лекарски специјалистички преглед се бодира со 320 бодови, а тој во стари денари е 3.600 или 3.700. Додека износот во приватниот сектор некаде се движи помеѓу 15 и 20.

Ние како здравствени работници со вакво нешто не можеме воопшто да се помириме.

На крајот до моето излагање би се осврнал и на следново кои работни организации треба да се трансформираат? Јас мислам дека треба да се трансформираат поситните работни организации, а тоа се амбулантите, здравствените домови, медицинските центри. Треба да се размисли за трансформацијата дали сега или понатаму за клиниките и институтите, односно оние работни здравствени организации што ќе пружат вистинско здравство, што ќе бидат од интерес за државата а тоа се работните организации од превентивата односно заводите за здравствена заштита кои чекаат да бидат тие 10 во Република Македонија означени односно оформени од ова Собрание.

Според тоа, во заклучокот би рекол уште еднаш дека треба да постои уште од овој момент трансформација и во здравствените работни организации, за што мислам дека има поднесено и амандман.

VII/1 РД/СЛ

Почитувани пратеници,

Неповолната општествено - економска состојба во стопанството на Република Македонија, што посебно се продлабочува во последните неколку години, сметам во најголема мера е последица на општествената сопственост. Доказот е јасен во праксата се по- кажа дека приватните претпријатија отидоа многу напред за. разли- ка од општествените.

Сметам дека е за поздравување потегот на Владата иако со мале задоцнување излезот од стагнантните состојби во стопанството е можно само преку радикални промени за изградба на пазарен стопански систем, преку трансформација на општествената сопственост во други видови сопственост кое нешто јас лично го поздравувам и ќе гласам за таа трансформација

Процесот на сопственичката трансформацијана претпријатијата во општествена сопственост својата институционална форма почитувани пратеници ја доби со практичната примена на Законот за општествен капитал. Појдовните основи  на сопственичката трансформација се во промената на правната форма на организирање на претпријатијата во општествена сопственост во акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност со мешовит облик на сопственост со емисија на интерни акции односно откуп на интерни удели во претпријатијата.

Општествениот капитал согласно Законот го сочинувале деловниот фонд, резервниот фонд и вонделовните фондови. Додека неговата појдовна вредносна форма во започнувањето на процесите на сопственичката трансформација е книговодствената вредност и тука се направени најголемите катастрофи. Меѓутоа, Законот на правните субјекти им овозможува вреднување на општествениот капитал и според проценета вредност, но за голема жал и срам во практиката ниедно правно лице не го има направено, зошто, ценете вие

VII/2.-

Книговодственото вреднување на општествениот капитал во најголема мерка е со потценета вредност, па дури и смешна, во однос на реалната вредност. Можеби ќе се помирам со фактот што во Законот за општествен капитал не беше предвидена обврска за доставување на податоци од претпријатијата до некој државен орган, организација или институција, исто така не беше одредено ни кој ќе врши контрола на процесот на трансформација ча општествената сопственост. Како резултат на овие законски празнини процесите на трансформација се одвиваа стихијно, без никаков увид и контрола али ме радува фактот и обеќавањето од господинот Јане Миљовски (погрешни проценки).

Почитувани пратеници, во моето излагање се произнесов дека го прифаќам предлог законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, а воедно сакг1м да ѕе запознам и со едно единствено неслагање за кој имам и доставено два амандмана а имено се работи за следното:

Со стариот закон за претпријатија кој е сеуште на снага меѓу многуте видови на претпријатија кој се отвораат за здрави лица законодавецот предвиде и претпријатија за запослување ка инвалиди во кој од основната цел е вработување и рехабилитација на хендикепираните лица како начин на нивна интеграција во секојдневниот живот таканаречени заштитни организации. Најавената приватизација почитувани пратеници почна да ги потресува токму свие организации, така да претседателството на Републичката конференција на социјално - хуманитарните организации на Македонија на 15.12.1992 година донесоа едногласен заклучок во кој енергично се спротивставуваат на приватизација на заштитните организации со напомена дека тие треба да останат под заштита на државата или на соодветни фондови како јавни претпријатија од поширок општествен интерес.

Со ова нивно барање јас лично почитувани пратеници а сметам дека и вие ќе се сложите зошто истите не можат да се трансформираат. Прво, затоа. што не можат да се приватизираат врз основа на книговодствена вредност (информацијата од СОК – Битола). Овие организации не можат да преминат на чисто пазарно производство од причини што со тоа би се изгубил нивниот социјално – хуманитарен карактер зошто треба да се има во вид дека најмалку 50% од вработените во нив се хендикепирани лица со комбинирани недостатоци кои во никој случај не можат во целост да одговорат на обврските што произлегуваат од новиот начин на стопанисување.

Токму поради нивниот физички  или ментален хендикеп оние лица уживаат одредени бенефиции од државата и да не дозволиме со трансформацијата хендикепираните лица станат "монета за поткусурвање" во рацете на работниците.

Во последно време повеќе заштитни организации од приватен и општествен карактер воопшто не рводат сметка за некакво производство туку се занимаваат со трговија на големо и мало, при што хендикепираните лица им служат само како параван за да ги добијат бенефициите. Сакам да напоменам дека заштитните организации се ослободени од плаќање на придонеси на платите  и доходот, од данокот па промет и од царини при увоз па опрема и репроматеријали. За вработување на хендикепирани лица значајни средства партиципираат Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и заводот за вработување. на кои во случајот им се обезбедува плата само колку да фигурираат како вработени, додека работодавците профитираат. Ги жалам лицата што профитираат од хендикепирани (директорските плати Картонтекс - Свети Николе) .  70.000 деноминирани денари.

На база сето ова изнесено почитувани пратеници, јас сметам дека кога ќе преминеме на разгледување на амандманите сметам дека мојот

амандман од вас ќе биде прифатен, односно заштитните организации да се изземат од трансформација-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, денес пред нас се наоѓа еден извонредно значаен проект што по многу перипетии, но и кочници од поединци и институции , денес конечно се најде на усвојување пред нашиот Парламент.

Основна моја прва н принципиелна забелешка на законот би била дека овој закон требаше да се најде многу порано пред овој Парламент. Факторот време имено им обезбеди на многу луѓе, таканаречени новопечени газди без да дадат ниту еден динар да станат сопственици на мали претпријатија и средни меѓутоа, за нив многу големи без притоа да дадат ни динар од сопствениот џеб,

Втора забелешка овде беше речено од страна на министерот зошто доцни законот, меѓутоа, морам да кажам дека би била повеќе задоволна ако имаше и луѓе со имиња презимиња и институции зошто законот се најде толку доцна на неевен ред, па тоа нешто им го овозможи на поединци.

Трета забелешка би била очекував паралелно со овој закон еден аналитички материјал, приготвен од страна на Владата кој што би дал точен, или приближен приказ за се она што во овој период откако престана да важи сојузниот закон за плати, со кој што се вршеше принципот на приватизацијата, согласно законот за интерни акции и тоа само во Република Македонија, е отуѓен од државата, односно колкав дел од капиталот е трансформиран и преминат во фирми со државно – приватен карактер и на тој начин оштетен а државата односно се она за што се пишуваше по весниците дека е направен грабеж на столетието,

колку тоа ја чини оваа држава и дали ние како држава имаме точни показатели за тоа.

Во расправата која што ја следев деновиве најголем дел од началните дискусии беше во смисла на тоа дали е потребна ревизија на веќе приватизираниот дел од капиталот или не. За мене тоа е клучно прашање затоа што доколку не се направи ревизија, ние навистина ќе дозволиме еден голем дел од капиталот да се одлее во приватни раце и да не знаеме по кој принцип тоа е направено. Овде беше речено ние ќе ги ставиме оние кои што веќе приватизирале и работеле по законот во состојба да бидат наречувани крадци. Напротив јас мислам дека секој оној•кој извршил таков степен на приватизација и самиот треба да бара ревизија за да се види кој доследно го почитувал законот, односно дали бил почитуван целосно законот за платите кој што ги овозможи овие малверзации, бидејќи голем дел на луѓе во тој период што ги прикажуваат своите плати по 2 милиони, кога се земаше некаде 10, 20 и 30 иљади динари тогашни"

Според тоа, ревизија е неопходна и тоа ревизија која што би била спрема показателите на СОК. Јас ќе морам да го потсетам овој собир дек веројатно во почетните фази при донесувањето на овој закон мислам уште во форма на предлог,за донесување , имаше обид од поединци, па дури од цели партии во ова собрание оваа институција да биде девалвирана во смисла на тоа да се прикаже како измислена творба на социјалистичкиот систем. Можеби тоа е така, не сакам да навлегувам во тоа дали оваа институција треба да претрпи измени, веројатно ќе треба меѓутоа, тоа за сега е единствената институција која што располага со релевантни показатели за тоа како бил извршен процесот на приватизација и веројатно како таква нема да смее да изгасне, додека

не си ја заврши својата функција. Еден голем дел исто така од дискутантите се осврнаа за тоа дали ние вршиме подржавување на капиталот односно дали сакаме или не сакаме приватизација. Јас поставувам друго прашање. Дали ние сакаме приватизација по секоја цена, односно купување на акции по багателни цени и дали тоа ќе ја изврши својата функција во тој случај приватизацијата, или пак сакаме она што државата веќе го имала како свое, подоцна го прогласила во општествена сопственост, односно со законот на самоуправувањето им го предала на работниците, ќе си го врати повторно во еден свој дел како државен , се со цел она што било општествено , односно сечие и ничие сега веќе има свој титулар зад кој што ќе стои државата.

Според тоа , мислам дека не може да стане збор за некое големо подржавување, можеби затоа што нашиот степен на економска моќ во овој момент е мал, меѓутоа, добро е што ќе има титулар на таа сопственост па ќе може зависно од приликите подоцна можеби да се вршат и одредени корекции, измени, за да се направи законот по-прифатлив. Меѓутоа, не може да се напаѓа нешто атхок, ако претходно не се видат резултатите од таа работа.

Четврта можеби најголема принципиелна забелешка на законот е тоа што не овозможува принципот кој што важи за приватитзацијата на стопанството да важи и во општествениот сектор, односно во сите општествени дејности. Речено е во еден член, односно во начелните , во член 3 дека.. тоа ќе се врши со друг закон. Според мене требаше да се направи макар мал простор, сепак да се отвори можност со овој системски закон се рече дека има можност за приватизација во општествените дејности, особено во секторот на здравството, затоа што Република веќе од напред изнесените дискусии кои не би сакала да ги

повторувам во интерес на времето, вакво гломазно здравство не може да издржи, а доколку приватизацијата се сведе исклучиво само на приватна иницијатива и на вложување на сопствени средства за кои што ниту некој гарантира, ниту ви дава повластица, веројатно ова здравство наскоро ќе пропадне, ќе колабира и ќе се сретне со многу тешки последици.

Според тоа, мислам дека доколку се работи за нов закон, и доколку тоа се најавува со овој закон, Владата ќе мора да се поддржи тој закон да се најде што побрзо , односно за месец- два, ако сакаме да не се сретнеме со извонредно тешки последици по не само цела категорија .на луѓе вработени во тој сектор, туку и сите оние кој што ги имаат потребите, односно кои се пациенти на здравство.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, политичкото ангажирање на пратениците во ова Собрание, како претставници на граѓаните односно на избирачите, политичко - идеолошката определеност на секој пратеник поединечно или групно, со членување и застапување на партиските предизборни програми, се изразува пред се, на вакви прашања, како што е Предлог законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно преточување на политичката идеологија во закони, кој го менуваат политичко економскиот систем на државата од корен.

Досега изнесените политички согледувања и настојувања во однос на предложениот закон од Владата, пратениците, повеќето од нив и со бројот на предложените амандмани, а со тоа и можни измени, настојуваат концептот на законот да се измени, некои и радикално во

полза на поправична поделба на општествената сопственост. Мене да ви кажам тоа лично ме радува, се разбира, ако не е лично престројување, она навидум престројување и при неусвојување на под- несените амандмани финалето да биде едно гласање за вака концепциски предложениот закон, како што го нуди Владата како политичко коалициона.

Јас почитувани пратеници, исто така, како претставник на избирачите, со политичката програма на политичката партија на ВМРО-ДПМНЕ, претставена во предизборната кампања, со решение за начинот на трансформација на општествената сопственост и нормално како член на опозицијата, поднесов 40-тина амандмани на законот, кои всушност претставуваат еден нов закон концепциски до некаде спротивставен на спротивставениот од страна на Владата, таканаречен еден комбиниран модел, базиран врз основа на моето политичко идеолошко ангажирање пред се, се разбира со стручни совети од страна на економски, политички, социолошки и други советници и консултација на одредена литература. Односно, на успешното пратеничко ангажирање е и во советувањето на сите можни области во излагањата на политичките пораки во ова Собрание.

Како една ретроспекција би требало да се потсетиме како е настаната општествената сопственост која во бивша Југославија и во Македонија беше доминантна. Општествената сопственост како теоретско размислување на марксистичките мислители е воведена етапно, а. со. ставот на бившата СФРЈ од 1963, односно 1974 година целиот систем се базира на таа теореска општествена сопственост. Значи именувањето на општествената одговорност и енјзиното воведување е овозможено со одлука на тогашната единствена партија, други партии и политички размислувања не беа дозволени, чии раководители истовремено беа и државни раководители, а таа одлика

формално е едногласно изгласана при донесување на спомнатите устави на бившата СФРЈ, а со тоа и на уставите на тогашната Социјалистичка Република Македонија, а сега независна држава Република Македонија. Претходница на воведувањето на општествената сопственост била одлуката преточена во Уставот од 1946 година, како уставно правен основ за национализација на приватното претпријатие во 42 стопански гранки и национализацијата извршена во 1948 година во областа на трговијата, здравството, културата итн. Инаку во енциклопедиите под поимот општествена сопственост стои дека е тоа еден од облиците на заедничката колективна своина над средствата за производство во кои средствата му припаѓаа во целост на општеството. Нашето поседување на едноумни енциклопедии и учења, односно знаења, не ни дава за право оваа дефиниција да ја прифатиме како потполна вистина, туку треба да ја третираме како теориска размисла на макрсистичките мислители проверена единствено ќе напоменам, во целост на бившите југословенски простори, додека во целиот свет е доминантна приватната и државната сопственост итн.

Мене посебно ме радува што на седниците на единствената партија, како победничка во таканаречената и социјална револуција 1945 година, затоа што за национално ослободителната компонента не сакам да зборувам затоа што ја признавам, значи посебно ме радува што тие сега како млади луѓе ги признаваат грешките, што е за подзравување и некои сеуште актуелни раководители како најогнени борци за општествената сопственост како систем сега со предлагањето на овој закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал сите грешки со покајание би рекол сакаат да ги исправат, но мислам дека со еден ваков понуден концепт и да создадат нови неправди.

Се поставува прашањето и затоа ќе спориме сигурно и затоа споревме овие два дена, кој е начинот со закон да се исправат неправдите и истовремено да се подели таа општествена сопственост на еден поправичен начин,"затоа што апсолутна правда во вакви случаи не постои.

Значи почитувани пратеници, од нас, од нашите гласови зависи за кој и каков концепт на овој несомнено фундаментален закон ќе се определиме, за да и работникот, земјоделецот, здравствениот работник, просветниот работник и трговецот, полицаецот, пензионерот и невработениот, се чувствуваат еднакви, нешто што и со Уставот и со законите им е загарантирано во оваа независна македонска држава, која истовремено е и социјална држава.

VIIIJ/1/ПЈ/лј

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Така стои во Уставот. Се работи за прашање кое ги засега сите и прашање кое ако биде разрешено на еден приближно општоприфате1 начин, ќе и даде на македонската држава мирен развој и понатамошно опстојување, во спротивно може да се соочиме како држава со политички и социјални немири од што и најповеќе се плашам јас како пратеник и претставник на избирачите кои ме гласале, односно од губење на македонската држава и разнебитување на македонската нација. Општо размислување во јавноста е дека е извршен и сеуште се врши грабеж на општествениот капитал, Тоа и овде и од оваа говорница често пати го слушавме. Затоа што дефиницијата што е тој сечиј и нечиј не дава сигурност за негова заштита. Еден дел на тој грабеж е извршен по пат на двата закони на господинот бивш премиер на бившата СФРЈ Анте Марковиќ, Законот за општествениот капитал и Законот за личните доходи со таканаречените интерни акции а другиот дел е извршен со, фиктивни стечаи. И во двата случаи со повеќекратно намалување на правата вредност на општествениот капитал. Вработените најповеќе работниците се со право исплашени што ќе биде со нивната егзистенција и со иднината на нивните фамилии. Иако навидум со тоа интерно акционерство тие работници станаа внатрешни акционери кои бараат од државата да помогне за одредени фирми, така вчера читав во "Нова Македонија," вели: Акционерско друштво "Микрон" - Прилеп бара помош од државата. Какво е тоа акционерство и каква е таа трансформација можеме само да замислиме. За да се избегне политичко - социјалната експлозија што е наповидум, потребно е да се донесе таков закон кој ќе овозможи приближно правична поделба. Да се поништат интерните акции кои не се платени со готови, туку со фиктивни средства, да се определени правата вредност на општествениот капитал и да се откријат а тоа е во рацете на извршната влас односно коалиционата влада,

да се откријат разните малверзации и можни сторени кривични дела при стечаите и трансформацијата извршена досега врз основа на овие два спомнати закони. Иако при пристапната беседа актуелниот претседател на Владата како приоритетни меѓу другото наведе дека оваа коалициона влада ќе се, т.е. предлагач на овој закон ќе се потруди да ги открие разните малверзации,корупцијата, кривичните дела од областа на стопанството итн. но тоа досега си остана се по старо и ништо некои случаи поголеми или поголеми откривања немаме.

Исто така меѓу граѓаните владее едно размислување дека се штитат можните сторители на такви кривични дела, а со усвојувањето на ваквата предложена концепција, без разлика дека таму е предложен дека во концепцијата ќе има една ревизија на досега стореното, меѓу тоа сепак и мене ми се страв да не некој одредени политички сили пак настојуваат да таа можна ревизија да се поништи и се да си остане по старо и затоа е мојата, мојот страв, дека со овој закон ќе се легализира тој грабеж како што сите велиме дека е извршен.

Второ, клучно прашање е решавањето на девизните заштеди кој дел може да се реши со овој закон но и со решавање на статусот на банките,кои непосредните должници кон девизните штедачи, без разлика на гаранцијата од страна на македонската држава. Сите се определивме како политички ангажирани субјекти за пазарното стопанство со конкуренција, квалитет и атрактивност на произведената сто ка и социјална сигурност загарантирана со Уставот на сето население. Во овие две години најдовме, да кажам, еден почетен стадиум на капитализмот оној како што некој го нарекуваат уште и црн капитализам, со тоа што не се плаќаат даноци, за тоа сме свесни сите, грабеж на општествениот капитал, корупција итн. јас, да бидам искрен, сум излишно против таква концепција за понатамошниот развој на државата

Затоа, трансформацијата на општествениот капитал во друг природен вид на капитал, пред се, како политичко, идеолошко прашање, а не теоретски спротивставено прашање на различностите на економските експерти е прашање кое ги засега сите државјани на Република Македонија и затоа во политичкото и идеолошкото изјаснување по ова прашање по мое мислење нема потреба да се наметнуваат вештачки создадени критериуми наследени од самобендисаниот и полн со излитени фрази научен напамет и папагалски повторуван систем на подобни или неподобни. Времето на подобните, а со тоа и само стручно и само компетентно верификуваните додворувачи на еднопартиските државни структури како незаменливи политичари ослободени од одговорноста на сопственото политичко размислување и осознавање полека,но сигурно минува.

Во понудениот текст на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, чии предлагач е Владата на Република Македонија, се заговара концепт со содржина и сигурност, согласност и покрај поднесените амандмани на погорен набројаните партии и нивната политичка опција во однос на приватизацијата. Значи, членови на таа коалициона влада односно пратеници што гласале за таа коалициона влада поднесуваат амандмани, што за мене е, да ви кажам, непоимливо. Јас никаде, проучувајќи некој одредени политички ангажирани пратеници така би ги нарекол од другите држави со кои сум дошол во контакт таква работа не се случила, меѓутоа кај нас, ние сме во се први, па така и кај нас се случува коалиционите партнери на сопствената влада која предлага закони да и предлагаат амандмани и тоа во еден поголем број. Мене ме зачудува овде и побараниот консензус, односно во прашање е кога се знае дека главната политичка идеолошка, борба е. Токму на вакви политички прашања, без разлика што е ова политичко но и економско прашање, но главната борба се

однесува околу различитоста на концепциите за вакви прашања. Консензусот го имаме само во тоа што сите сме за една трансформација на капиталот, меѓу- тоа, мора да се разликуваме во однос на понудените или предложените концепции. Затоа, ме чуди известувањето на македонската телевизија каде што вели побара консензус, меѓутоа нема консензус. За вакви прашања, господа околу концепцијата, не е околу тоа дали ни е потребен закон или не, консензус не може да има, ние сме политички различно ангажирани.

Во образложението за причините и потребите за донесување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал Владата наведува дека досегашната трансформација се одвивала со повеќе слабости иницирани од содржината на сојузниот закон за општествен капитал, "Службен лист на СФРЈ" број 84/1989 година и број 46/1990 година,односно според толкувањето на тогашниот Сојузен извршен совет на Бившата СФРЈ од 31.01.1991 година незаконски е овозможено интерните акции дадени според законот за личните доходи да се користат за откуп на интерни акции според Законот за општествен капитал. Како резултат на овие празнини во Законот процесот на трансформацијата на општествениот капитал се одвивал стихијно и без никаков увид и контрола. Дури и Владата на Република, Македонија за одредени состојби се запознавала преку дневните и неделните информативни гласила. Тоа е таа констатација што ја цитирав пред малку изнесена од страна на Владата во нејзиното  образложение поднесено заедно со Законот, кој ни е предложен и поделен во ова Собрание.

Да бидам искрен оваа Влада со сите одговорности тврди дека имало незаконитости. Слушнавме, а и слушаме, и повеќе време тоа што

се случи со општествениот капитал а јас ќе повторам грабеж односно крадење, јас ја прашувам Владата,Министерството за внатрешни работи и СОК да го земеме тука~се сеуште овластени со закон да спречуваат и откриваат незаконитости и во областа на стопанството. Зошто досега не се реагирало, односно зошто Владата кога тврди такво нешто дека постои незаконитост итн. не презела соодветни дејствија без разлика што претходната влада донела уредба за осознавање на фактичката состојба односно обврска на претпријатијата да доставуваат до Службата на општествено книговодство барани податоци. И донело одлука за ставање вон сила на одлуката на Сојузниот извршен совет за интерните акции односно издавање нови интерни акции. Таквите одлуки спрема мене се соодветни нормално но Владата во образложение не ни нуди дали СОК како овластен контролор утврдила незаконски дејствија во трансформацијата. Ние досега само слушаме,се шушка имало законитости итн. тоа и Владата го тврди, меѓутоа чисти факти на овие 120 пратеници во ова Собрание не им се понудија. Наместо тоа ни се сервира како се да било во ред, односно интерните акции издадени според Законот за личните доходи се издавани во ви- сина на чистиот доход што му припаѓаат итн. Сите знаеме дека тие лични доходи неколкукратно се зголемија и станаа фиктивни без реална основа и затоа се реагираше. .11990 и 1991 година итн. се реагираше дури и во овој Парламент се реагираше за тоа. Вака од образложението на Владата ни се нуди дека имало незаконитости а после се било во ред.

Според членот 110 од предложениот закон од страна на Владата интерните акции стануваат обични ако се платат со закон пропишаните обврски итн. Мојата политичко - економска определба во однос на интерните акции е целата_трансформација што е извршена врз оваа основа да се поништи а само платените со пари а не фикција да се

сметаат како акции доколку ги има. Ги има и тоа во еден многу мал процент. Понатаму во своето образложение од Владата стои цитира

Прво, првостепена цел од трансформацијата е да се создаде ефикасна економија која ќе ги евоцира расположливите фактори за производство во правец на нивно најпродуктивно користење. Завршен цитат. Значи расположливите фактори со овој закон треба да добијат право на користење, односно набавка на фирми и ќе им се одобри да создаваат ефикасна економија. Сите како сегашни политичари настојуваме да се подобри економската состојба во македонската држава, без разлика така да ги наречам отежнатите околности од нашето опкружување и така- натаму кои се олеснителни за нашата политичка критика кон Владата. Основата за успешност на едно претпријатие не е тоа, не само во тоа дали е државно, приватно или мешовито, успешноста пред се е во управувањето, раководењето односно во менаџментот.

Целта е да се има добро платени, психички добро платени, психички стабилни вработени кои ќе имаат висока продуктивност и ќе произведуваат конкурентни производи1кои ќе се купуваат врз основа на квалитет и ефтиност. Тоа е тоа што ќе го посака и сигурно ќе се оствари еден добар менаџер. Ако е целта успешно управување и раководење со фирмите и остварување на профит, тогаш не е толку битно дали преовладува приватниот или државниот капитал во еден преоден период Колку ќе биде тој, две години три родини или пет години итн. зашто сите се сложуваме дека процесот на. трансформација на општествениот капитал ќе биде долготраен а не краткотраен процес. Одредени стручњаци кои ги консултирав во однос на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал  а кои се запознати и ја следат примената на законите за приватизација во пост комунистичките земји се согласив дека овој закон е едностран во поглед на главната определба

за продажба на општествениот капитал. Сите се сложуваат дека во Република Македонија, ниту домашното население нема доволно средства да го откупи целиот капитал со стварни парични средства, ниту пак сме така атрактивни за странскиот капитал да се вложува и на некој начин да вложи во нашите фирми и да ги откупи, затоа што:се наоѓаме во едно ризично подрачје на Балканот и атрактивноста на нашите фабрики, застареноста, амортизацијата што некои други пратеници зборуваа пред мене.

Затоа треба прво да се постави прашањето колку проценти од вкупниот општествен капитал досега е приватизиран ако е точна бројката така незванично слушнав дека е негде над 85% односно од она што се предлага во овој. закон да се приватизира да се трансформира дека е веќе трансформирано. Тогаш јас така ќе се изразам овој закон за мене е чиста демагогија и претставува задоцнето освестување. Затоа и на комисиите а и овде во оваа собраниска сала ќе чуеме различни мислења и настојувања а нарочно од директорите кои се и пратеници а во чии претпријатија е извршена трансформацијата по основ на двата сојузни закони. А што е констатација и на тогашниот СИС дека е незаконска. Значи се настојува таа незаконитост да се легализира. Ќе повторам личните интереси н тоа ќе го'/кажам надвладуваат над партиските програми и политичкото ангажирање на пратениците тој впечаток е повеќе од очигледен. Пратеници ќе го коалицијата поднесуваат амандмани на закон предложен од политичка влада со која тие гласале позитивно. Тоа ќе повторам само уште еднаш го има само во Република Македонија.

Почитувани пратеници, сакам да ви ги предочам моите заложби во однос на овој сеопшта констатација задоцнет закон и видоизменетата концепција со предложените 40 амандмани од моја страна.

VIII/8

Прво, поаѓање од обратниот ред на нештата и поделба на општествениот капитал како непозканица во повеќето нормални држави, значи поделба на тој државен капитал на државен на капитал кој ќе им припадне на сите полнолетни граѓани,државјани на Република Македонија и под трето на капитал кој ќе му припадне на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е нешто што предлага и Владата во својот концепт, меѓутоа со малку еден поголем процентуален износ- Со тоа трансформацијата е извршена и повеќе не на општествен капитал затоа што сега со вака една, со ваков еден закон имаме со закон одреден титулар на таа општествена сопственост која претходно немаше титулар на сопственоста. Иако Владата исто заговара некое подржавување, меѓутоа смешно не сака да признае дека и нејзиниот концепт во суштина е исто подржавување, меѓутоа незнам јас од што се плаши дека државен капитал. Па државен капитал имате и во капитализмот господо, и во една Англија,Франција итн. Треба да го признаете дека треба да се подели тој капитал на државен итн. на оние што го создадоа како капитал. Општествениот капитал во претпријатијата кои работат врз основа на задоволување на јавниот интерес на граѓаните станува државен капитал за вршење на јавни работи итн. Тоа е исто таква една концепција и на Владата меѓутоа не сака да каже дека е тоа државен капитал и што е. Трансформацијата на банките,осигурителните заводи да се изврши по основ на друг закон. Вредноста на општествениот капитал онаа правата а не книговодствено утврдена според критериумите востановени во Законот со непризнавање на фиктивните акции по основ на двата погоре наведени сојузни закони спрема амандманското реагирање од моја страна ќе се подели во следниот соодност. 52% ќе и припаднат на државата, која понатака ќе го приватизира тој капитал за да привреде средства за нови работни места,

за намирување на дел од обврската кон девизните штедачи и за отплата на надворешниот долг на државата кој мора да се отплаќа а не да им го оставиме тој долг на идните генерации. Поради немање готови пари и неатрактивност и ризичност за прибирање странски капитал амандманскиот предлог ми е повеќе акционерски друштва, затоа што ако се изврши трансформација повеќе немаме претпријатија туку акционерски друштва или бивши- те претпријатија да се поделат во четири групи со временска можност за продажба на државниот капитал на следниот начин:

Прво, малите претпријатија до 80 вработени државата ќе ги продаде своите акции, односно својот дел од капиталот во ток од две години со право на првенство на откуп на вработените за готови парични средства со попуст од 10%.

Второ, средните претпријатија или ако сакате речете акционерски друштва од 80 до 300 вработени државата својот капитал може да го продаде во рок од 3 години каде вработените имаат право исто така на првенсто на откуп со попуст на 10%.

Трето во средно големите претпријатија од 300 до 1500 вработени државата својот дел може да го Продаде само во рок од 5 години, со првенство на: откуп од страна на вработените со попуст.

IX/1.- ДВ-ВБ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Четврто, во големите претпријатија со над 1.500 вработени да се воведе мораториум на приватизација на државниот капитал од 5 години за 70% од тој капитал, а 30% од тој државен капитал ќе се понуди на продажба со првенствен откуп на вработените со попуст од 10% во рок од 5 години. Нормално во сите акционерски друштва односно поранешни претпријатија каде државата има над 50% капитал управувањето и раководењето и припаѓа и Владата поставува менаџери Тоа е основата. Кој го има процентот над 50% од капиталот тој управува и раководи. Тоа е секаде така.

Зошто го предлагам амандмански мораториумот од 5 години за приватизација на 70% од државниот капитал во големите претпријатија.

Ако вака како што сега е предвидено во Законот понуден од Владата, му се довери на некого на пример странско правно лице да вложи 10% од целокупниот капитал на претпријатието и стекне управувачки права,тој може многу повеќе да извлече и да го доведе претпријатието во стечај, со што хипотетичка странска конкурентска фирма ќе уништи свој конкурент. Тоа може да и се случи и на една Железара, МЗТ, ОХИС, Алкалид, Македонка, Тетекст, Топилница Велес, Југохром, ФЕНИ, Чик и други. Плашејќи се од таков можен развој и случувања и Словенците не се решија да ги приватизираат нивните железари на ваков начин како што предлага Владата затоа што вели конкурентите за 10% ќе ја упропастат фирмата односно железарата и ќе немаат конкурент, а словенците ќе немаат вработувања за голем број невработени. Така и ние ако им дозволиме ќе немаме вработувања ни во Железара ни во МЗТ итн. Значи било која Влада во следните 5 години ќе се потруди во овие фирми да најде соодветни или од постојните менаџери ако се добри кои со своите тимови ќе се трудат и верувам дека

ќе успеат да најдат решенија за преструктуирање, усвојување на ново производство и продуктивно работење.

Понатаму предвидениот дел поделба на целиот општествен капитал кој е предмет на трансформација со поделба од 30% се доделува на секој полнолетен граѓанина РМ врз основа на под еднакви де- лови изразени во вредносни поени на потврди односно ваучери чија парична вредност ќе се утврди по две години, од прости причини што за две години ќе се знае вредноста со сите можни губења на капиталот или добивки. Ваучерите ќе можат да се наследуваат во согласност со законот, но во првите години, што е разбирливо не ќе моажт да се отуѓуваат односно да се купуваат и продаваат. Ова од прости причини што во Русија се случија такви работи што веднаш на некој начин се откупија тие ваучери. Јас предлагам две години ваучерите да не можат да се продаваат и откупуваат туку откако ќе се добие таа права вредност тогаш да си има правото како секоја хартија од вредност.

Ваучерската поделба на таму државниот капитал е спроведена во некои бивши источноевропски земји, пред се како немање готовина, а и поради учество на граѓаните во создавање на капиталот. Мојот предлог со амандмани за поделба на ваучери е од слични мотиви, затоа што, да повторам, се врши некаков вид поправедна поделба на .нашиот општествен капитал, затоа што никој тоа не може да го одрече и работниците, но и земјоделците, на пример во Јака - Радовиш и во другите фирми кои се сега акционерски друштва и тие земјоделци давајќи го тутунот на некој начин придонесоа тие сега акционерски друштва откупени можеби со 100% тој капитал да се создаде. Зошто да не им се даде на работниците на земјоделците на здравствените работници, просветарите кои мора да признаеме не учеа и нас и нашите деца сеуште ги учат, полицајците, офицерите, младите офицери па и

новинарите. Сите тие си ја извршуваат својата јавно корисна работа. Домаќинските и невработените ја немаат таа среќа да се вработат, односно и на нив треба да им припадне дел од тој општествен капитал.

Без разлика дека сум свесен дека и тој начин не е најправеден, ќе повторам, но мислам дека се доближува до една, така би ја нарекол поправедност.

Понатаму, капиталот кој ќе му се додели на фондот за пензиско и инвалидско осигурување во висина од 18% од целокупната општествена сопственост што е предмет на поделба, треба да послужи како основа за создаваше на вистински фонд и подобруваше на финансиската состојба, се разбира со понатамошно законско издвојување на осигурениците затоа што во денешни услови фондот се финансира единствено тековно, поради утопијата од претходниот систем. Тие сегашни пензионери а и ние како можни идни пензионери учествував- ме во создавање на таа општествена сопственост.

Намирувањето на онеправданите бивши сопственици и нивните наследници ќе се изврши исто така од приватизација на оној дел од државната сопственост што е цел на приватизација и ме чуди, да повторам, настојувањето на Владата да ја признае преку предложениот закон и легализира трансформацијата извршена врз основа платени обврски или одлевање на капиталот преку фиктивни стечаи. Ме зачудува и сплотеноста на раководството на таканаречениот државен синдикат и Стопанската. комора кои во цел свет како интересни организации се ултипротивници. Овде имаме дека предлагаат слични решенија односно идентични. Таквиот начин. На трансформација на општествениот капитал со претурање на шупло во празно за мене е недоволно прифатлив без разлика на понудената контрола и ревизија за досега приватизираното, контрола која очигледно е неприфатлива за заинтересираните страни. Ако Владата и пратениците не изнајдат

сили и не ги одбијат притисоците од незаконски збогатените поединци и нивното здружение, би кажал, заеднички со учество на предложениот концелт од моја страна донесеме поправеден и економски поправдан модел на трансформација на општествената сопственост, јас како наполно свесен за последиците ќе гласам негативно за вака предложениот концепт од страна на коалиционата и политичка Влада на Република Македонија и од следните причини:

На пример да ги земеме сега веќе акционерските друштва Силекс - Кратово, Јака Радовиш и Витаминка Прилеп. Ќе земам само три вакви акционерски друштва за кои, така сум разбрал дека се трансформирани 100% со законот за општествен капитал и законот за личните доходи,. На Анте Марковиќ. Нивните директори се најголемите противници за поништување на интерните фиктивни акции или пак контрола и ревизија од разбирливи причини со: целата трансформација која е извршена незаконски, што е и констатација, ќе повторам/на бившиот Сојузен извршен совет од јануари месец 1991 година а и на оваа сегашна Влада.

Се прашувам кој- дел ќе го добие државата, а кој дел Фондот за пензиско инвалидско осигуруваше кога се е трансформирано врз основа на фикција. Тоа е таа демагогија што ни се сервира. Ако државата не прибере средства како ќе се грижи за стечајните работници како ќе обезбеди, нови работни места, како ќе го врати долгот на девизните штедачи Или |пак 'долгот "од милијарда долари.

На кој начин државата ако ;не обезбеди средства ќе го врати тоа.

Ме загрижува уште една можна варијанта. Веќе 100% трансформираните претпријатија вештачки да почнат да работат нерентабилно, при што на акциите на вработените и во Силекс и во Јака и во Витаминка да им паѓа вредноста, при што ќе се, јават одредени

раководители да ги откупат од тие веќе внатрешни акционери, а кои вештачки ќе станат социјални случаи. Значи за година - две со вештачки ор.або работење поединци ќе ги откупат акциите и вработените ќе останат, така да се изразам, со голи и празни раце и сиромаси како пред 3-4 години.

Јас исто така го разбирам и министерот Јане Миљовски кој е ставен, морам да кажам, меѓу чеканот и наковалната а морам да кажам дека е еден од најдобрите познавачи на облиците и начините на трансформација и приватизација на државниот а во наш случај нормално општествениот капитал и во посткомунистичките држави и во Англија и во Франција итн. . И многу работи и јас ќе признаам и јас имам научено од неговото излагање. Но, знаејќи дека во коалиционата Влада интересите" се различни, односно партиите кои партиципираат се интересни за одредени слоеви, малубројни слоеви од населението, најповеќе на разни формални и неформални здруженија и кланови на лесно збогатени бивши и сегашни раководители, министерот, свесен сум за тоа е со делумно врзани раце, во случајот за одредени решенија во законот. Но, јас би се запрашал дали ни е потребни сиромашна држава која не ќе може да ги отплати долговите за кој е гарант а ни се потребни богати  поединци чие богатство е стекнато на незаконски начин. Основа за приватниот капитал треба да биде во оние приватни бизнисмени кои својот капитал го стекнале во странство или пак со чесно навремено плаќање на обврските. И ако се прифати мојот предлог оној 30% капитал поделен на сите полнолетни граѓани и намирување на долгот на девизните штедачи и бившите сопственици. Затоа се поставува прашањето за колку време се трансформирале 80% од претпријатијата кои извршиле над 80% трансформација, односно приватизација со

интерното акционерство и каде ги уплаќале средствата, што е со отплата на кредитите и во домашна и во странска валута кои истите тие фирми ги направиле. Дали државата треба да им ги отплаќа а таа сега е сопственост на тие фирми односно поединци во тие фирми. Дали некој заборава дека и тие вработени утре ќе бидат пензионери, од каде пари за нивните пензии и ред други работи. Затоа да повторам ако во однос на предложениот концепт од моја страна со 40-тина амандмани не се усвои концептот на поделба на тој општествен капитал јас ќе бидам против овој закон иако го ценам и ја ценам работата на господинот министер Јане Миљовски. Без разлика мојата политичка и идеолошка определба во овој случај се разликува од понудената концепција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам ние сега да ја прекинеме расправата а да продолжиме во вторник во 10 часот.

На пратениците од исламска вероисповест им го честитам

празникот Бајрам

(Седница^а прекина со работа во 17,10 часот).